Službeni vesnik NRM
Skopje
p. fah 5

СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛ...

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 10 јули 1963

БЕЛГРАД

БРОЈ 27 ГОД. XIX

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристић'а бр. 1 Поштенски фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671

417.

Врз основа на членот 45 став 2 од Општиот закон за школството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/58 и 27/60) и членот 12 оддел II точка 1 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/58, 18/59 и 9/61), во согласност со Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, Сојузниот секретаријат за трудот пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СТРУЧНАТА СПРЕМА НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАНИМАЊА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со цел за осигурување безбедноста и уредноста на сообраќајот и за обезбедување единствен процес на превозот на патници и стоки, со овој правилник се утврдуваат определените занимања (работни места), стручната спрема потребна за вршење на работите во тие занимања, како и условите и стручните испити за здобивање односно признавање на стручната спрема на тие работници на Југословенските железници.

Член 2

Како работници на Југословенските железници, во смисла на овој правилник, се сметаат работниците запослени во извршни единици и секции на ЈЖ, железнички транспортни претпријатија, заедници на железнички претпријатија и во работниот колектив на Заедницата на ЈЖ.

Член 3

Работниците на Југословенските железници (во понатамошниот текст: работниците) можат да ги вршат работите во занимањата (на работните места) утврдени со овој правилник само ако ја имаат пропишаната стручна спрема.

Член 4

Определените занимања во смисла на членот 1 од овој правилник се:

а) во сообраќајно-транспортната служба:

1) станичен работник (маневрист, стрелкар, сопирач, транзитер, багажар, возен манипулант, попишувач и евидентичар на коли),
2) ракувач на маневра,
3) надзорен стрелкар,
4) одјавничар — пружен блокар,
5) магационер,
6) кондуктер,
7) телеграфист,
8) работоводител на маневра,
9) возовоѓа,
10) сообраќајно-транспортен отпратник,
11) сообраќајно-транспортен техничар,
12) транспортен комерцијалист,
13) виш сообраќајно-транспортен техничар,
14) виш транспортен комерцијалист,
15) погонски сообраќаен инженер,
16) сообраќаен инженер;

б) во машинската и електро-службата:

1) огнар на парни локомотиви,
2) помошник на машиновоѓа на дизел-влечни возила,
3) помошник на машиновоѓа на електро-локомотиви,
4) електричар за поправка на електричната контактна мрежа,
5) електричар за колско електрично осветление и греење,
6) електромеханичар на електро-влечни потстаници,
7) машиновоѓа за маневра (на парни локомотиви, дизел-влечни возила),
8) машиновоѓа (на парни локомотиви, дизел-влечни возила, електро-локомотиви),
9) прегледувач на коли,
10) ракувач на електрична контактна мрежа,
11) ракувач на колското електрично осветление и греење,
12) ракувач на електро-влечните потстаници,
13) ракувач на колското гасно осветление,
14) ракувач на постројка на јака струја,
15) машински техничар,
16) електротехничар,
17) виш машински техничар,
18) виш електротехничар,
19) погонски машински инженер,
20) погонски електротехнички инженер,
21) машински инженер,
22) електротехнички инженер;

в) во градежната служба:

1) пружен работник,
2) чувар на пруга (чувар обиколувач, чувар на косини, чувар на премини, чувар на мостови и чувар на тунели),
3) возач на моторни пружни возила,
4) пружен работоводител,
5) работоводител за тунели,
6) работоводител за мостови,
7) ракувач на машини за пружни работи,
8) техничар за одржување на пруга,
9) градежен техничар,
10) виш техничар за одржување на пруга,
11) виш градежен техничар,
12) погонски градежен инженер,
13) градежен инженер;

г) во службата на с.с. постројки и врски:

1) електромонтер на воздушни т.т. и сигнални линии,
2) електромонтер на т.т. и сигнални кабели,
3) електомеханичар на т.т. постројки,
4) механичар на с.с. постројки,
5) електромеханичар на с.с. постројки,

6) ракувач на воздушни т.т. и сигнални линии,
7) ракувач на т.т. и сигнални кабели,
8) ракувач на механички с.с. постројки,
9) ракувач на електромеханички с.с. постројки,
10) ракувач на т.т. постројки,
11) техничар на електроврски,
12) техничар на с.с. постројки,
13) виш техничар на електро-врски,
14) виш техничар на с.с. постројки,
15) погонски инженер на електро-врски,
16) погонски инженер на с.с. постројки,
17) инженер на електро-врски,
18) инженер на с.с. постројки.

Член 5

Соодветната стручна спрема му се признава на работник што завршил железничко училиште, или на работник кој по истекот на приправничкиот стаж односно на определената практична работа го положи пропишаниот стручен испит.

Член 6

На работниците што се примаат од други работни организации или државни органи во претпријатија во состав на Заедницата на ЈЖ, а кои се здобиле со стручната спрема во некое од занимањата од членот 4 на овој правилник, им се признава стручната спрема под услов да ја положат разликата меѓу програмата на градивото за полагање на соодветниот стручен испит пропишан со овој правилник и програмата на градивото според кое се здобиле со стручната спрема.

Стручната спрема им се признава на начинот од ставот 1 на овој член и на работниците што ќе преминат од занимање на една служба во занимање на друга служба од членот 4 на овој правилник.

II. УСЛОВИ ЗА ЗДОБИВАЊЕ СО СТРУЧНАТА СПРЕМА

1. Во сообраќајно-транспортната служба

Член 7

Со стручната спрема на **станичен работник** (маневрист, стрелкар, сопирач, транзитер. багажар, возен манипулант, попишувач и евидентичар на коли) се здобива чистач на стрелки, магацински работник или приучен пружен работник кој по завршениот курс за станичен работник и по практичната работа под надзор во траење од најмалку три месеци, ќе го положи пропишаниот стручен испит.

Член 8

Со стручната спрема на **ракувач на маневра** се здобива станичен работник кој по две години практична работа на работите на станичен работник, од тоа најмалку една година на работите на маневрист, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 9

Со стручната спрема на **надзорен стрелкар** се здобива станичен работник кој по две години практична работа на работите на станичен работник, од тоа најмалку една година на работите на стрелкар, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 10

Со стручната спрема на **одјавничар-пружен блокар** се здобива станичен работник кој по шест месеци практична работа под надзор на работите на одјавничар-пружен блокар, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 11

Со стручната спрема на **магационер** се здобива станичен работник кој по шест месеци практична работа под надзор на работите на магационер, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 12

Со стручната спрема на **кондуктер** се здобива станичен работник кој по една година практична работа на работите на станичен работник и по завршениот курс за кондуктер, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 13

Со стручната спрема на **телеграфист** се здобива работник кој по една година практична работа под надзор на работите во телеграфско-телефонската и телепринтерската служба, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 14

Со стручната спрема на **работоводител на маневра** се здобива станичен работник кој по три години практична работа на работите на ракувач на маневра, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 15

Со стручната спрема на **возовоѓа** се здобива кондуктерот кој по пет години практична работа на работите на кондуктер или станичен работник и по завршениот курс за возовоѓа, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 16

Со стручната спрема на **сообраќајно-транспортен отправник** се здобива станичен работник кој по четири години практична работа на работите на станичен работник, од тоа најмалку две години на работите на стрелкар или надзорен стрелкар, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 17

Со стручната спрема на **сообраќајно-транспортен техничар** се здобива работник кој по завршеното железничко техничко училиште го положи пропишаниот стручен практичен испит, или кој по завршената гимназија и приправнички стаж го положи пропишаниот стручен испит.

Член 18

Со стручната спрема на **транспортен комерцијалист** се здобива работник кој по завршеното економско училиште или гимназија и приправнички стаж во траење од една година, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 19

Со стручната спрема на **виш сообраќајно-транспортен техничар** се здобива сообраќајно-транспортен техничар кој по десет години практична работа на работите на сообраќајно-транспортен техничар, го положи пропишаниот посебен стручен испит.

Член 20

Со стручната спрема на **виш транспортен комерцијалист** се здобива:

1) транспортен комерцијалист или сообраќајно -транспортен техничар кој по десет години практична работа на работите на транспортен комерцијалист односно сообраќајно-транспортен техничар, го положи посебниот стручен испит;

2) работник кој по завршената виша економско-комерцијална школа и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Работниците од точката 2 став 1 на овој член што пред завршувањето на школата имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на школата.

Член 21

Со стручната спрема на **погонски сообраќаен инженер** се здобива работник кој по завршувањето на вишата железничка сообраќајна школа или работник кој по признавањето на прв степен на сообраќаен факултет и завршен приправнички стаж го положи пропишаниот стручен испит.

Работниците што пред признавањето на прв степен на сообраќаен факултет имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на првиот степен на сообраќаен факултет.

Член 22

Со стручната спрема на **сообраќаен инженер** се здобива работник кој по завршувањето на сообраќаен факултет и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Работниците што пред завршувањето на сообраќаен факултет имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж, можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на сообраќајниот факултет.

2. Во машинската и електро-службата

Член 23

Со стручната спрема **огнар на парни локомотиви** се здобива приучен работник за работите на подмирување, потпалување, миење и чистење на парни локомотиви кој по едномесечно возење со практична работа на работите на огнар на парни локомотиви, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 24

Со стручната спрема на **помошник на машиновоѓа на дизел-влечни** возила се здобива:

1) приучен работник кој со една година практична работа на снабдување и нега на дизел-влечни возила во депо и три месеци практично возење на дизел-влечни возила како трето лице, го положи пропишаниот стручен испит;

2) огнар на парни локомотиви или помошник на машиновоѓа на електро-локомотиви кој по три месеци практична работа на снабдување и нега на дизел-влечни возила во депо и 30 дена практично возење на дизел-влечни возила како трето лице, го положи пропишаниот дополнителен стручен испит.

Член 25

Со стручната спрема на **помошник на машиновоѓа на електро-локомотиви** се здобива:

1) приучен работник кој со една година практична работа на приготвување, одржување и подмачкување на електро-локомотиви, од што најмалку три месеци практично возење на електро-локомотива, го положи пропишаниот стручен испит;

2) огнар на парни локомотиви или помошник на машиновоѓа на дизел-влечни возила кој по една година практична работа на работите на своето занимање, шест месеци практична работа на запознавање, подмачкување и поправка на електро-локомотиви и два месеца практично возење на електро-локомотива како трето лице, го положи дополнителниот испит.

Член 26

Со стручната спрема на **електричар за поправка на електричната контактна мрежа** се здобива електромеханичар или електроинсталатер кој по шест месеци практична работа на одржување или градење на електричната контактна мрежа, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 27

Со стручната спрема на **електричар за колско електрично осветление и греење** се здобива електромеханичар кој по шест месеци практична работа на одржување на колско електрично осветление и греење, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 28

Со стручната спрема на **електромеханичар на електровлечни потстаници** се здобива електромеханичар кој по шест месеци практична работа на одржување на електро-влечни потстаници и постројки, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 29

Со стручната спрема на **машиновоѓа за маневра на парни локомотиви** се здобива огнар на парни локомотиви кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 30

Со стручната спрема на **машиновоѓа за маневра на дизел-влечни возила** се здобива помошник на машиновоѓа на дизел-влечни возила кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 31

Со стручната спрема на **машиновоѓа на парни локомотиви** се здобива работник со стручно образование на квалификуван работник од металската струка кој има две години практична работа на работите на поправка и монтажа на локомотиви и една година на работите на огнар и кој по завршеното училиште за машиновоѓа на парна влеча и три месеци возење на парна локомотива како трето лице, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 32

Со стручната спрема на **машиновоѓа на дизел-влечни возила** се здобива:

1) помошник на машиновоѓа на дизел-влечни возила со стручно образование на квалификуван машинбравар, механичар или електромеханичар кој има две години практична работа на одржување на дизел-влечни возила и една година практична работа на работите на своето занимање и кој по завршеното училиште за машиновоѓи на дизел-влечни возила и три месеци возење на дизел-влечно возило како трето лице, го положи пропишаниот стручен испит;

2) машиновоѓа на парни локомотиви или машиновоѓа на електро-локомотиви кој заврши дополнителен курс за машиновоѓи на дизел-влечни возила со практична обука, и го положи пропишаниот дополнителен стручен испит.

Член 33

Со стручната спрема на **машиновоѓа на електро-локомотиви** се здобива:

1) помошник на машиновоѓа на електро-локомотиви со стручно образование на квалификуван електромеханичар кој има две години практична работа на поправка и монтажа на електро-локомотиви и една година практична работа на работите на своето занимање и кој по завршеното училиште за машиновоѓи на електро-локомотиви и три месеци практично возење на електро-локомотива како трето лице, го положи пропишаниот стручен испит;

2) машиновоѓа на парни локомотиви или машиновоѓа на дизел-влечни возила кој по завршениот дополнителен курс за машиновоѓи на електро-локомотиви со практична обука го положи пропишаниот дополнителен стручен испит.

Член 34

Со стручната спрема на **прегледувач на коли** се здобива работник со стручно образование на квалификуван работник од металската струка кој по две години практична работа на поправка и монтажа на коли и по завршеното училиште за прегледувач на коли и три месеци практична работа под надзор, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 35

Со стручната спрема на **ракувач на електричната контактна мрежа** се здобива електричар за поправка на електричната контактна мрежа кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 36

Со стручната спрема на **ракувач на колското електрично осветлење и греење** се здобива електричар за колско електрично осветление и греење кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 37

Со стручната спрема на **ракувач на електровлечните потстаници** се здобива електромеханичар на електро-влечни потстаници кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 38

Со стручната спрема на **ракувач на колското гасно осветлење** се здобива работник со стручно образование на квалификуван бравар кој по три години практична работа на работите на колското гасно осветление, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 39

Со стручната спрема **ракувач на постројка на јака струја** се здобива работник со стручно образование на квалификуван електроинсталатер, електричар или електромеханичар, кој по пет години практична работа на работите на поправки и одржувања на електричните постројки, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 40

Со стручната спрема на **машински техничар** се здобива:

1) работник што завршил железничко техничко училиште од машински смер;

2) работник кој по завршеното техничко училиште од машински смер и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 41

Со стручната спрема на **електричар** се здобива работник кој по завршеното техничко училиште од електротехнички или енергетски смер и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 42

Со стручна спрема на **виш машински техничар** се здобива машински техничар кој по десет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот посебен стручен испит.

Член 43

Со стручната спрема **виш електричар** се здобива електротехничар кој по десет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот посебен стручен испит.

Член 44

Со стручната спрема на **погонски машински инженер** се здобива работник кој по завршувањето на виша техничка машинска школа од железнички смер или работник кој по признавањето на прв степен на машински факултет или по завршена виша техничка машинска школа и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Работниците што пред признавањето на прв степен на машински факултет или пред завршувањето на виша техничка машинска школа имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж, можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на школата.

Член 45

Со стручната спрема на **погонски електротехнички инженер** се здобива работник кој по завршувањето на виша електротехничка школа од железнички смер или работник кој по признавањето на прв степен на електротехнички факултет од енергетски смер односно по завршената виша електротехничка школа и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Работници што пред признавањето на прв степен на електротехнички факултет односно пред завршувањето на виша електротехничка школа имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж, можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на школата.

Член 46

Со стручната спрема на **машински инженер** се здобива работник кој по завршувањето на машински факултет и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 47

Со стручната спрема на **електротехнички инженер** се здобива работник кој по завршувањето на електротехнички факултет од енергетски смер и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

3. Во градежната служба

Член 48

Со стручната спрема на **пружен работник** се здобива приучен пружен работник кој по две години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 49

Со стручната спрема на **чувар на пруга** (чувар обиколувач, чувар на косини, чувар на премини, чувар на мостови и чувар на тунели), се здобива приучен пружен работник кој по две години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 50

Со стручната спрема на **возач на моторни пружни возила** се здобива работник кој по две години практична работа на поправка, одржување моторни шински возила и возење на отворена пруга под надзор, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 51

Со стручна спрема на **пружен работоводител** се здобива пружен работник или чувар на пруга кој по три години практична работа на работите за одржување на пруга и завршен курс за пружен работоводител, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 52

Со стручната спрема на **работоводител за тунели** се здобива работник со стручно образование на квалификуван минер од градежната струка кој по пет години практична работа на работите на градење и одржување тунели, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 53

Со стручната спрема на **работоводител за мостови** се здобива работник со стручно образование на квалификуван работник од металската или градежната струка кој по пет години практична работа на работите на градење или одржување на мостови, го положи пропишаниот испит.

Член 54

Со стручната спрема на ракувач на машини за пружни работи се здобива работник со стручно образование на механичар или бравар, кој по пет години практична работа на работите на механичар или бравар, од што најмалку една година на работите на главни поправки на пруга со механизација, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 55

Со стручната спрема на **техничар за одржување на пруга** се здобива работник кој по завршувањето на железничко техничко училиште од смерот за одржување на пруга или работник кој по завршеното техничко училиште од градежен смер и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 56

Со стручната спрема на **градежен техничар** се здобива работник кој по завршувањето на техничко училиште од градежен смер и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 57

Со стручната спрема на **виш техничар за одржување на пруга** се здобива техничар за одржување на пруга кој по десет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот посебен стручен испит.

Член 58

Со стручната спрема на **виш градежен техничар** се здобива градежен техничар кој по десет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот посебен стручен испит.

Член 59

Со стручната спрема на **погонски градежен инженер** се здобива работник кој по завршувањето на виша техничка градежна школа од железнички смер или работник кој по признавањето на прв степен на градежен факултет односно по завршената виша техничка градежна школа и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Работниците што пред признавањето на прв степен на градежен факултет односно пред завршувањето на виша техничка градежна школа имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж, можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на училиштето.

Член 60

Со стручната спрема на **градежен инженер** се здобива работник кој по завршувањето на градежен факултет и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

4. Во службата на с. с. постројки и врски

Член 61

Со стручна спрема на **електромонтер на воздушни т. т. и сигнални линии** се здобива приучен електромонтер на воздушни т. т. и сигнални линии кој по три години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 62

Со стручната спрема на **електромонтер на т. т. и сигнални кабели** се здобива приучен електромонтер на т. т. и сигнални кабели кој по три години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 63

Со стручната спрема на **електромеханичар на т. т. постројки** се здобива работник со стручно образование на занаетчиски помошник на електромеханичар кој по една година практична работа на работите на монтажа и одржување т. т. постројки, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 64

Со стручната спрема на **механичар на с. с. постројки** се здобива работник со стручно образование на занаетчиски помошник механичар или бравар, кој по една година практична работа на работите на монтажа и одржување на с. с. постројки, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 65

Со стручната спрема на **електромеханичар на с. с. постројки** се здобива работник со стручно образование на занаетчиски помошник на електромеханичар или механичар кој по една година практична работа на работите на монтажа и одржување на с. с. постројки, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 66

Со стручната спрема на **ракувач на воздушни т. т. и сигнални линии** се здобива електромонтер на воздушни т. т. и сигнални линии кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 67

Со стручната спрема на **ракувач на т. т. и сигнални кабели** се здобива електромеханичар на т. т. и сигнални кабели кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 68

Со стручната спрема на **ракувач на механички с. с. постројки** се здобива механичар на с. с. постројки кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 69

Со стручната спрема на **ракувач на електромеханички с. с. постројки** се здобива електромеханичар на с.с. постројки кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 70

Со стручната спрема на **ракувач на с. с. постројки** се здобива електромеханичар на т. т. постројки кој по пет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 71

Со стручната спрема на **техничар на електроврски** се здобива работник кој по завршеното техничко училиште од смерот на телекомуникациите и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 72

Со стручната спрема на **техничар на с.с. постројки** се здобива работник кој по завршеното техничко училиште од смерот на телекомуникациите и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 73

Со стручната спрема на **виш техничар на електро-врски** се здобива техничар на електро-врски кој по десет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот посебен стручен испит.

Член 74

Со стручната спрема на **виш техничар на с.с. постројки** се здобива техничар на с.с. постројки кој по десет години практична работа на работите на своето занимање, го положи пропишаниот посебен стручен испит.

Член 75

Со стручната спрема на **погонски инженер на електро-врски** се здобива работник кој по завршувањето на виша железничка техничка школа од т.т. и с.с. смер или работник кој по признавањето на прв степен на електротехнички факултет и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Работниците што пред признавањето на прв степен на електротехнички факултет имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж, можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на прв степен на електротехнички факултет.

Член 76

Со стручната спрема на **погонски инженер на с. с. постројки** се здобива работник кој по завршувањето на виша железничка техничка школа од с. с. и т. т. смер или работник кој по признавањето на прв степен електротехнички факултет и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Работниците што пред признавањето на прв степен на електротехнички факултет имале пракса што му одговара на приправничкиот стаж, можат да го полагаат стручниот испит по завршувањето на прв степен на електротехнички факултет.

Член 77

Со стручната спрема на **инженер на електро-врски** се здобива работник кој по завршувањето на електротехнички факултет од смерот на телекомуникациите и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 78

Со стручната спрема на **инженер на с.с. постројки** се здобива работник кој по завршувањето на електротехнички факултет од смерот на телекомуникациите и приправнички стаж, го положи пропишаниот стручен испит.

Член 79

Полагање на стручните испити за здобивање со стручна спрема според одредбите од овој правилник може да им се одобри на работниците што имаат најмалку завршено осмогодишно основно училиште.

III. ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ И СТРУЧНА ОБУКА

Член 80

Приправнички стаж постои во сите служби од членот 4 на овој правилник, и тоа во занимањата:

1) техничар,
2) транспортен комерцијалист,
3) виш транспортен комерцијалист,
4) погонски инженер,
5) инженер.

За приправник за некое од занимањата од ставот 1 на овој член може да се прими лице што завршило соодветна средна, виша или висока школа, а нема потребна пракса и положен стручен испит за тоа занимање.

Приправник не може самостојно да врши работи на раководно работно место.

Член 81

Приправничкиот стаж трае две години, ако за некое занимање со овој правилник не е определено поинаку.

Приправник може да полага стручен испит по завршетокот на приправничкиот стаж, а најрано по 10 месеци стаж.

На приправникот кој по истекот на приправничкиот стаж од оправдана причина не се пријави да го полага стручниот испит органот надлежен за засновање на работниот однос може да му го продолжи рокот за полагање на стручниот испит.

Член 82

За време на приправничкиот стаж приправникот се наоѓа на стручна практична обука, која се изведува според програмата утврдена од органот надлежен за формирање на испитната комисија.

Со обуката на приправниците и на другите работници за кои со овој правилник е пропишано полагање на стручниот испит, раководи и за нејзиното правилно изведување одговара раководителот на единицата или работникот што ќе го определи тој.

Како единици, во смисла на ставот 2 од овој член, се подразбираат: станица, сообраќајна секција, секција за влеча, секција за одржување на пруга, секција за с. с. постројки и врски, секција на јака струја, железничко транспортно претпријатие, други железнички секции и други железнички претпријатија.

Член 83

Раководителот на единицата во која се врши обука е должен на приправникот односно на работникот да му овозможи запознавање со сите работи на кои се изведува обуката.

За време на оспособувањето на приправниците односно на работниците раководителот на единицата е должен да ги снабде со сите потребни учила и прописи и да води надзор над нивната работа и над успехот во подготвувањето.

IV. СТРУЧНИ ИСПИТИ И ИСПИТНИ КОМИСИИ

Член 84

Стручните испити ги полагаат приправниците и работниците што се оспособуваат стручно за вршење определени работи во претпријатијата на Заедницата на ЈЖ.

Посебните стручни испити ги полагаат работниците што се оспособуваат стручно за вршење на работи за кои, по правило, се бара повисоко стручно образование и определена пракса.

Дополнителните стручни испити ги полагаат работниците од членот 6 на овој правилник.

Член 85

Стручните испити од членот 84 на овој правилник се полагаат пред испитните комисии, што ги формира:

1) генералниот директор на Заедницата на ЈЖ за утврдување на стручната спрема на работниците во занимањата од членот 4 на овој правилник под а) точ. 13 до 16. под б) точ. 17 до 22, под в) точ. 10 до 13 и под г) точ. 13 до 18;

2) директорот на заедницата на железничките претпријатија за утврдување на стручна спрема на работниците во другите занимања.

Генералниот директор на Заедницата на ЈЖ ги формира испитните комисии и за утврдување на стручната спрема на работниците во сите занимања од членот 4 на овој правилник запослени во Заводот за студии, проектирање и надзор на градењето, во Железничкиот институт и во работниот колектив на Заедницата на ЈЖ.

Член 86

Генералниот директор на Заедницата на ЈЖ односно директорот на заедница на железничките претпријатија може да определи одделни испитни комисии да работат при основните единици на ЈЖ, при железничките и други стручни училишта и при училишните центри или може да формира испитни комисии при тие училишта од редовите на наставниците на училиштето и од други стручни лица.

Член 87

За членови на испитните комисии се именуваат најстручните лица од редовите на работниците запослени на Југословенските железници и од редовите на работниците запослени во други претпријатија и установи.

Членовите на испитните комисии мораат да ја имаат најмалку стручната спрема за која се полага стручниот испит пред таа комисија.

Член 88

Испитната комисија се состои од: претседател, два члена на комисијата и од потребен број испитувачи. На секој член на испитната комисија му се определува заменик.

За вршење на административните работи во испитната комисија се определува со решението за именување на членовите на комисијата секретар на испитната комисија.

Член 89

Испитувачот има права на член на комисијата кога се одлучува за успехот на кандидатот од градивото што го испитува испитувачот.

Член 90

Кандидатот што сака да полага стручен испит е должен да поднесе пријава. Кон пријавата кандидатот е должен да поднесе и докази за исполнувањето на пропишаните услови за полагање на стручниот испит.

Пријавата кандидатот му ја поднесува на органот надлежен за формирање на испитната комисија, преку раководителот на службената единица, и тоа најдоцна на 30 дена пред испитниот рок.

Член 91

Испитната комисија е должна да утврди дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит, па ако утврди дека ги исполнува — да го повика кандидатот заради полагање на испитот во оној испитен рок за кој се пријавил кандидатот. Поканата за полагање на испитот мора да му се достави писмено на кандидатот, најдоцна на 10 дена пред денот определен за полагање на испитот.

На кандидатот кој не ги исполнува условите пропишани за полагање на стручниот испит, испитната комисија му издава решение за тоа.

Член 92

Стручните испити се одржуваат редовно четири пати годишно: во февруари, април, јуни и ноември.

По исклучок, стручните испити можат да се одржуваат и во вонредни рокови, за што одлучува органот што ја формира испитната комисија.

Член 93

Стручните испити се полагаат: усно, писмено и усно, усно и практично или само практично, според програмите на градивото за полагање на стручните испити.

Програмите на градивото за полагање на стручните испити, посебните стручни испити и дополнителните стручни испити и начинот на полагањето на тие испити го утврдува генералниот директор на Заедницата на ЈЖ.

Член 94

Темите за писмените задачи ги определува испитната комисија.

Темите на писмените задачи мораат да се чуваат во тајност, а на кандидатите им се објавуваат оној ден и час кога ќе започне испитот.

Член 95

Писмената задача ја работат кандидатите во присуство од најмалку еден член на испитната комисија и испитувачот. Времето за изработка на писмената задача го определува испитната комисија. За тоа време кандидатите се известуваат непосредно пред почетокот на изработката на писмената задача.

Кандидатите можат да се служат само со оние помошни средства чија употреба е дозволена. Ако кандидатот употреби помошно средство чија употреба не е дозволена, ќе биде оддалечен од испитот. За оддалечувањето од испитот одлучува испитната комисија.

Член 96

Изработената писмена задача ја прегледува и оценката ја предлага член на испитната комисија односно испитувачот определен за испитување на предметот од кој е работена писмената задача.

Член 97

На усниот испит присуствуваат претседателот, членовите на испитната комисија и испитувачите.

Член на испитната комисија односно испитувачот може однапред да ги состави прашањата за усниот испит од пропишаното испитно градиво и да ги напише на посебни ливчиња, а може прашањата и непосредно усно да ги поставува.

Член 98

За текот на полагањето на стручниот испит се води записник, во кој се внесуваат: времето и местото на одржувањето на испитот, имињата на кандидатите, за кое занимање се полага испит, имињата на членовите на испитната комисија и на испитувачите, како и заклучоците на испитната комисија за резултатот на испитот.

По завршеното испитување комисијата го заклучува записникот, кој го потпишуваат претседателот и членовите на испитната комисија, испитувачите и секретарот на испитната комисија.

Резултатите на испитот ги објавува претседателот на испитната комисија во присуство на членовите на испитната комисија.

Член 99

Успехот на кандидатите се оценува според групите на предметите со оценката: „одличен" (5), „многу добар" (4), „добар" (3) или „слаб" (2). Кандидатот го положил испитот ако од сите групи на предметите е оценет најмалку со оценката „добар" (3).

На стручниот испит кој се полага писмено и усно, оценката се определува според успехот покажан на писмениот и усниот испит.

Член 100

Успехот на кандидатот на испитот го утврдува испитната комисија со мнозинство на гласовите.

Во случај на делба на гласовите, одлучува страната на која е гласот на претседателот на испитната комисија.

Против оценката на испитната комисија кандидатот не може да се жали.

Член 101

Ако кандидатот покаже слаб успех од одделни делови на еден предмет, има право да полага поправителен испит од тој предмет во наредниот испитен рок. Ако кандидатот и на поправителниот испит не покаже задоволителен успех се смета дека не го положил испитот.

Член 102

Кандидатот што не ќе го положи стручниот испит при првото полагање може полагањето да го повтори уште два пати. Полагањето на испитот може да се повтори најрано во наредниот редовен испитен рок.

Кандидатот што ни при третото полагање не ќе го положи стручниот испит, губи право на понатамошно полагање на испитот.

Член 103

На кандидатите што го положиле испитот испитната комисија им издава уверение за положениот испит. Уверението го потпишува претседателот на испитната комисија.

Образецот на уверението го пропишува генералниот директор на Заедницата на ЈЖ, во согласност со Сојузниот секретаријат за трудот.

V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 104

На работниците што ги положиле стручните испити според прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој правилник, им се признава соодветна стручна спрема, и тоа:

а) во сообраќајно-транспортна служба:

1) стручна спрема на станичен работник — на работниците што го положиле стручниот испит за маневрист, стрелкар, сопирач и возен манипулант; на работниците што го положиле стручниот испит за транзитер, багажер, попишувач на коли и евидентичар на коли им се признава стручната спрема на станичен работник, ако положат дополнителен стручен практичен испит;

2) стручната спрема на работоводител на маневра на работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на маневра;

3) стручната спрема на сообраќајно-транспортен отпратник — на работниците што го положиле стручниот испит за сообраќаен отпратник;

б) во машинската и електро-службата:

1) стручната спрема на електричар за колско електрично осветление и греење — на работниците што го положиле стручниот испит за ракувач на колско електрично осветление;

2) стручната спрема на електричар за поправка на електричната контактна мрежа — на работниците што го положиле стручниот испит за ракувач на возниот вод на електрични железници;

3) стручната спрема на електричар на електро-влечни потстаници — на работниците што го положиле стручниот испит за ракувач на електро-влечни потстаници;

4) стручната спрема на ракувач на колско електрично осветление и греење — на работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на колско електрично осветление;

5) стручната спрема на ракувач на колско гасно осветление — на работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на колско гасно осветление;

6) стручната спрема на ракувач на електро-влечни потстаници на работниците што го положиле стручниот испит на надзорник на електро-влечни потстаници;

7) стручната спрема на ракувач на електричната контактна мрежа — на работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на вод на електрични железници;

8) стручната спрема на ракувач на постројка на јака струја — на работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на јака струја;

9) стручната спрема на огнар на парни локомотиви — на работниците што го положиле стручниот испит за огнар;

10) стручната спрема на помошник на машиновоѓа на електро-локомотиви — на работниците што го положиле стручниот испит за помошен машиновоѓа на електро-влеча;

11) стручната спрема на машиновоѓа на парни локомотиви — на работниците што го положиле стручниот испит за машиновоѓа;

12) стручната спрема на машиновоѓа на електролокомотиви — на работниците што го положиле стручниот испит за машиновоѓа на електро-локомотиви;

в) во градежната служба:

1) стручната спрема на чувар пруга (чувар обиколувач, чувар на косини, чувар на премини, чувар на мостови, чувар на тунели) — на работниците што го положиле стручниот испит за чувар на пруга (косини, клисури, премини, тунели и мостови);

2) стручната спрема на возач на моторни пружни возила — на работниците што го положиле стручниот испит за шофер на моторни дресини;

3) стручната спрема на работоводител за одржување на пруги — на работниците што го положиле стручниот испит за десетар на пруга;

4) стручната спрема на работоводител за тунели — на работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на тунели;

5) стручната спрема на работоводител за мостови — на работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на мостови;

г) во службата на с. с. постројки и врски:

1) стручната спрема на електромонтер на воздушни т.т. и сигнални линии — на работниците што го положиле стручниот испит за чувар на т.т. линии и постројки;

2) стручната спрема на електромеханичар на т.т. постројки — на работниците што го положиле стручниот испит за ракувач на т.т. постројки;

3) стручната спрема на ракувач на с.с. постројки — на работниците што се оспособени за работите на механички и с.с. постројки што го положиле стручниот испит за ракувач на с.с. постројки, односно на работниците што се оспособени за работите на електромеханички и електродинамички уреди и што го положиле стручниот испит за ракувач на с.с. постројка.

Член 105

На работниците што го положиле стручниот испит за звањето виш техничар или тоа звање им е признаено без полагање на стручниот испит, им се признава соодветна стручна спрема според овој правилник.

Член 106

На работниците што го положиле стручниот испит за касиер на стоки односно калкулант, им се признава стручната спрема на транспортен комерцијалист, ако во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој правилник го положат пропишаниот дополнителен стручен испит.

Стручната спрема на транспортен комерцијалист им се признава на работниците што го положиле стручниот испит за комерцијалист (во сообраќајно-комерцијалната служба) или стручната спрема им е признаена без полагање на стручен испит.

Член 107

На работниците што го положиле стручниот испит за прометник, им се признава стручната спрема на сообраќајно-транспортен техничар ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 108

На работниците што го положиле стручниот испит за транспортен отпратник, им се признава стручната спрема на сообраќајно-транспортен отпратник ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 109

На работниците што го положиле стручниот испит за моторвоѓа, им се признава стручната спрема на машиновоѓа на дизел-влечни возила со право за ракување со оние дизел-влечни возила за кои го положиле стручниот практичен испит.

Стручната спрема на машиновоѓа на парни локомотиви им се признава на работниците што го положиле стручниот испит за машиновоѓа на маневра и имаат најмалку една година практична работа на работите на машиновоѓа на отворена пруга со колосек од 0,60 m ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит.

Член 110

На работниците што го положиле стручниот испит за надзорник на пруга, им се признава стручната спрема на техничар за одржување на пруга, ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 111

На работниците на кои им е признаена стручната спрема за вршење на работите на квалификуван монтер за одржување на кабели според поранешните прописи, им се признава стручната спрема на електромонтер на т.т. и сигнални кабели ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

На работниците на кои им е признаена стручна спрема за вршење на работите на квалификуван т т. механичар, механичар на железнички автоматски телефонски централи и механичар за високофреквентни уреди според поранешните прописи, им се признава стручната спрема на електромеханичар на т.т. постројки ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

На работниците на кои им е признаена стручната спрема за вршење на работите на квалификуван бравар или механичар за сигнали според поранешните прописи, им се признава стручната спрема на механичар на с.с. постројки ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

На работниците на кои им е признаена стручната спрема на квалификуван механичар, електромеханичар или во друго занимање за вршење на работите за одржување на електромеханички и електродинамички уреди според поранешните прописи, им се признава стручната спрема на електромеханичар на с. с. постројки ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 112

Стручната спрема на ракувач на воздушни т. т. и сигнални линии, ракувач на т. т. и сигнални кабели, ракувач на механички с. с. постројки, ракувач на електромеханички с.с. постројки и ракувач на т.т. постројки — им се признава на работниците на кои според поранешните прописи им е признаена стручната спрема за вршење на соодветните работи ако го положат пропишаниот дополнителен стручен испит во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 113

Додека работниците од чл. 106 и 107 и 109 до 112 на овој правилник не ги положат пропишаните дополнителни стручни испити, можат да ги вршат работите за кои им е признаена стручната спрема според поранешните прописи.

Член 114

Работниците кои во предвидените рокови не ги положат дополнителните стручни испити, се распоредуваат на работните места според стручната спрема што им е признаена според поранешните прописи ако такви работни места има, односно како ќе биде тоа определено со правилниците за работните односи на претпријатијата на Заедницата на ЈЖ.

Член 115

На работниците на кои стручната спрема им се признава или на оние што ќе се здобијат со неа според одредбите од овој правилник, им се признава општиот степен на стручно образование, и тоа:

1) степенот на стручно образование на квалификуван работник — на работниците на кои им се признава односно кои ќе се здобијат со стручна спрема за вршење на работите во занимањата (на работните места) од членот 4 под а) точ. 1 до 7, под б) точ. 1 до 7, под в) точ. 1 до 4 и под г) точ. 1 до 5 на овој правилник;

2) степенот на стручно образование на висококвалификуван работник — на работниците на кои им се признава односно кои ќе се здобијат со стручна спрема за вршење на работите во занимањата (на работните места) од членот 4 под а) точ. 8 до 10, под б) точ. 8 до 14, под в) точ. 4 до 7 и под г) точ. 6 до 10 на овој правилник;

3) степенот на средно стручно образование — на работниците на кои им се признава односно кои ќе се здобијат со стручна спрема за вршење на работите во занимањата (на работните места) од членот 4 под а) точ. 11 и 12, под б) точ. 15 и 16, под в) точ. 8 и 9 и под г) точ. 11 и 12 на овој правилник;

4) степенот на вишо стручно образование — на работниците на кои им се признава односно кои ќе се здобијат со стручна спрема за вршење на работите во занимањата (на работните места) од членот 4 под а) точ. 13 до 15, под б) точ. 17 до 20, под в) точ. 10 до 12 и под г) точ. 13 до 16 на овој правилник;

5) степенот на високо стручно образование — на работниците на кои им се признава односно кои ќе се здобијат со стручна спрема за вршење на работите на занимањата (на работните места) од членот 4 под а) точка 16, под б) точ. 21 и 22, под в) точка 13 и под г) точ. 17 и 18 на овој правилник.

Член 116

На работниците кои според одредбите од Правилникот за стручните испити на персоналот на Заедницата на Југословенските железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/55) се здобиле со стручна спрема на:

1) писар, архивар II класа, помошник на канцелариски референт, економ, канцелариски манипулант, издавач на материјали, дактилограф III класа, телефонист, ракувач на материјали, статистички помошник, ликвидатор, режисер или цртач — им се признава нижо стручно образование;

2) канцелариски референт, администратор, статистичар, комерцијалист, книговодител, пристав или сметководител — им се признава средно стручно образование:

3) повисок администратор, повисок книговодител, повисок сметководител, сметковен референт, повисок статистичар или повисок комерцијалист — им се признава вишо стручно образование;

4) референт или инспектор — им се признава високо стручно образование.

Член 117

Работниците и приправниците што се пријавиле за полагање на стручниот испит до денот на влегувањето во сила на овој правилник, полагаат стручен испит според одредбите од Правилникот за стручните испити на персоналот на Заедницата на Југословенските железници.

Приправниците на кои им се наполнува приправничкиот стаж до 30 јуни 1963 година, се должни да се пријават за полагање на стручниот испит до 31 декември 1963 година.

Член 118

На работниците на кои според овој правилник им се признава стручната спрема здобиена според поранешните прописи или кои ќе се здобијат со стручна спрема според овој правилник, можат да ги вршат соодветните работи во сите здружени претпријатија на Југословенските железници, во заедниците на железничките претпријатија и во Заедницата на Југословенските железници и можат по основот на така признаената односно здобиена стручна спрема да ги остваруваат сите права од работен однос.

Член 119

По исклучок од членот 79 на овој правилник, до крајот на 1967 година со одлука на генералниот директор на Заедницата на ЈЖ може да се определи стручните испити од чл. 7 до 10, 23 до 25 и 48 до 50 на овој правилник да можат да ги полагаат работниците што ги исполнуваат другите пропишани услови а имаат завршено 4 одделенија на основно училиште.

Член 120

Одредбите од овој правилник согласно се применуваат и на другите работни организации кои,

покрај претпријатијата во состав на Заедницата на ЈЖ, вршат јавен или нејавен железнички сообраќај (индустријски пруги или колосеци), како и на работниците запослени во тие организации што вршат работи во соодветните занимања (работните места) од членот 4 на овој правилник.

Член 121

Објасненија за применување на овој правилник дава генералниот директор на Заедницата на Југословенските железници.

Член 122

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручните испити на персоналот на Заедницата на Југословенските железници.

Член 123

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2114/1
28 јуни 1963 година
Белград

Сојузен секретар за трудот,
Ристо Цунов, с. р.

418.

Врз основа на точката 5 од Одлуката за одобрување регрес за расходуваните бродови продадени во 1963 година што се повлекуваат од експлоатација со цел за касирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, сојузниот секретаријат за сообраќај и врски издава

НАРЕДБА

ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ РЕГРЕС ЗА РАСХОДУВАНИТЕ БРОДОВИ ПРОДАДЕНИ ВО 1963 ГОДИНА ШТО СЕ ПОВЛЕКУВААТ ОД ЕКСПЛОАТАЦИЈА СО ЦЕЛ ЗА КАСИРАЊЕ

1. Поморските бродарски претпријатија (во понатамошниот текст: корисниците на регресот) го остваруваат регресот од точката 3 на Одлуката за одобрување регрес за расходуваните бродови продадени во 1963 година што се повлекуваат од експлоатација со цел за касирање (во понатамошниот текст: Одлуката) со поднесување на барање за регрес до филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која имаат жиро сметка.

2. Кон барањето за регрес корисниците на регресот приложуваат:

1) одобрение од Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски да можат да склучат договор за продажба на брод со цел за касирање. Кон барањето за одобрување на продажбата на бродот заради касирање се приложува извод од уписникот на бродовите, заверен од надлежната лучка капетанија;

2) доказ дека бродот е расходуван. Како доказ служи одлуката на работничкиот совет на корисникот на регресот;

3) доказ за бруто регистарската тонажа на бродот, како и за тоа дека расходуваниот брод е внесен во основните средства до 30 јуни 1962 година и дека до тој ден е запишан во уписникот на бродовите на соодветната категорија на пловидбата. Како доказ служи изводот од уписникот на бродовите, заверен од надлежната лучка капетанија;

4) договор односно заверен препис на договорот за продажба на бродот, кој покрај останалото, содржи и: назив и седиште на содоговорачот, назив на бродот, бруто регистарска тонажа на бродот, клаузула дека продажбата на бродот се врши со цел за касирање и продажна цена на бродот;

5) потврда од купувачот дека бродот го презел заради касирање;

6) потврда од корисникот на регресот, потпишана од раководителот на стопанско-сметковниот сектор, дека бродот е амортизиран, односно ако бродот не е амортизиран дека во деловниот фонд е уплатен неамортизираниот дел на бродот односно дека неамортизираниот дел на бродот ќе се уплати до рокот определен за донесување на завршната сметка на корисникот на регресот;

7) пресметка на регресот за една бруто регистарска тона и вкупно.

3. Ако корисниците на регресот бродовите ги касираат во сопствена режија, кон барањето за регрес наместо договорот од точката 2 под 4 на оваа наредба приложуваат потврда од сопственикот погон што врши касирање дека бродот за кој се бара регрес е преземен заради касирање.

4. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека барањето за регрес во поглед на пресметувањето и поднесената документација е исправно, го одобрува износот на регресот во корист на сметката 700 — Амортизација на стопанските организации за односниот корисник на регресот, а на товар на сметката бр. 630-44 — Регрес за касираните бродови.

5. Службата на општественото книговодство може да врши исплати на регресот од точката 3 на Одлуката на товар на сметката од точката 4 на оваа наредба само до износот одобрен со сојузниот буџет за исплата на регреси за касираните бродови.

6. Ако кон барањето за регрес се приложуваат преписи на изворни документи (договор, потврда и сл.), тие мораат да бидат потпишани од овластените лица и врз нив мора да биде натиснат печатот на корисникот на регресот, а изворните документи се поднесуваат на увид.

Службата на општественото книговодство е должна на секој изворен документ од ставот 1 на оваа точка што се поднесува на увид да означи дека регресот е исплатен.

7. Корисниците на регресот се должни во своето книговодство да водат уредна и ажурна евиденција за расходуваните бродови заради касирање и за остварениот регрес, во која посебно за секој брод ги внесуваат следниве податоци, назив на бродот, бруто регистарска тонажа на бродот, датум на внесувањето на бродот во основни средства, датум на расходувањето на бродот заради касирање, број и датум на одобрението на Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски за склучувањето на договор за продажба на бродот, број и датум на договорот за продажба на бродот заради касирање, назив на купувачот и износ на наплатениот регрес.

8. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1717
3 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за сообраќај и врски,
Марин Цетиниќ, с. р.

419.

Врз основа на членот 9 оддел II од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/58, 18/59 и 9/61), Сојузниот секретаријат за индустрија донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НОРМАТИВИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОПРЕДЕЛЕНО ДРВО ВО СТАНБЕНА ИЗГРАДБА И ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Решението за опредулување нормативите за употреба на определено дрво во станбена изградба и во производство на определени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/58), точката 2 се менува и гласи:

„2. Во производство на сулфитна целулоза треба да се употребува најмалку 20% целулозно дрво од меки листари и буква, а во производство на дрвесина — најмалку 20% целулозно дрво од меки листари, сметано врз вкупно потрошената количина дрвна маса што ќе ја употреби производителот за производство на овие производи, со тоа што сулфитна целулоза треба да се произведува посебно од иглолисти а посебно од листари, ако производителот и купувачот не се договорат поинаку.

За одделни видови на производството односно на технолошкиот процес републичкиот секретаријат за индустрија може да пропише процентот од ставот 1 на оваа точка да биде поголем или помал."

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 08-165/2
26 јуни 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за индустрија,
Филип Бајковиќ, с. р.

420.

Сојузниот секретаријат за трудот, Централниот совет на сојузот на синдикатите на Југославија и Сојузната стопанска комора, со цел за давање помош на стопанските организации во единственото искажување на работните и деловните резултати заради спроведување на распределбата според трудот и на понатамошно развивање на работничкото самоуправување, а во согласност со одредбата од точката 9 на Упатството за спроведување на начелата за распределба на чистиот приход на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63), постигнаа

СПОГОДБА
ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА ДЕЛОВНИОТ УСПЕХ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

I. ЕДИНСТВЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ

1. При утврдувањето и оценувањето на сопствените резултати на стопанисувањето врз основа на кои, во смисла на Упатството за спроведување на начелата за распределба на чистиот приход на стопанските организации (во понатамошниот текст: Упатството), ја засноваат распределбата на чистиот приход, стопанските организации ги користат единствените показатели утврдени со оваа спогодба.

Објаснењата за единствените показатели од оваа спогодба се дадени во Листата на единствените показатели, која е напечатена кон оваа спогодба и нејзин е составен дел.

1. Единствени показатели на деловниот успех

2. Стопанските организации го оценуваат својот деловен успех поаѓајќи од нето-продуктот како вредносен израз на резултатите што ги постигнуваат со своето работење.

Бројот на работниците и големината на деловните средства што ги користи стопанската организација претставуваат најзначителни фактори што влијаат врз големината и движењето на нето-продуктот. Заради тоа, за основно согледување на својот деловен успех стопанските организации се служат со следниве единствени показатели:

— *остварен нето-продукт наспрема напоредниот нето-продукт* (1)
— *нето-продукт на 1 работник* (2)
— *нето-продукт наспрема ангажираните деловни средства* (3)

3. Покрај единствените показатели на деловниот успех од точката 2 на оваа спогодба како основни показатели, засновани врз нето-продуктот, за поблиско согледување на деловниот успех на стопанската организација служат и:

— *количина на реализираното производство на 1 работник* (4)
— *вкупен приход наспрема потрошените средства* (5)

Елементите на показателот „количина на реализираното производство на 1 работник" (продуктивност на трудот) стопанските организации ќе ги воведуваат постапно, и тоа првенствено заради споредување на сопствените резултати на стопанисувањето.

Показателот „количина на реализираното производство на 1 работник" стопанските организации од исти групи односно подгрупи ќе го користат и за меѓусебно споредување на производството односно на одделни фази на работата, ако постои можност за примена на тој показател.

2. Единствени показатели на условите на стопанисувањето

4. Единствените показатели на деловниот успех од точ. 2 и 3 на оваа спогодба даваат општа слика на деловниот успех на стопанската организација.

За оцена на деловниот успех на стопанската организација е неопходно поблиску да се согледаат и споредат и условите на стопанисувањето, и тоа по пат на следниве единствени показатели на условите на стопанисувањето:

— *ангажирани деловни средства на 1 работник* (6)
— *орудија за работа на 1 работник* (7)
— *норма на способноста на орудијата за работа* (8)
— *однос помеѓу орудијата за работа и основните средства* (9)
— *однос помеѓу данокот на промет и нето-продукот* (10)
— *учество на чистиот приход во нето-продукот* (11)

3. Единствени показатели на распределбата

5. Заради оцена на политиката и пропорциите на распределбата на чистиот приход врз основа на оценката на деловниот успех, стопанските организации, покрај резултатот на работењето и условите на стопанисувањето, ги споредуваат и односите во распределбата на чистиот приход, и тоа по пат на следниве единствени показатели на распределбата:

— *учество на личната и заедничката потрошувачка во чистиот приход* (12)
— *учество на бруто личните доходи во чистиот приход* (13)
— *бруто личен доход на 1 работник* (14)
— *нето личен доход од чистиот приход на 1 работник* (15)
— *исплатен нето личен доход на 1 работник* (16)
— *фондови наспрема деловните средства* (17)
— *фондови на 1 работник* (18)
— *потрошени средства на заедничката потрошувачка на 1 работник* (19)

II. ПОСЕБНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОДДЕЛНИ СТОПАНСКИ ОБЛАСТИ И ДЕЈНОСТИ

6. На предлог од Сојузниот секретаријат за трудот, Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија односно Сојузната стопанска комора, или на предлог од стопанските организации со специфично работење можат тие органи спогодбено да ги заменат или дополнат единствените показатели од оваа спогодба со други единствени показатели.

7. Заради поцелосно меѓусебно споредување на деловниот успех, сродните стопански организации, покрај единствените показатели од оваа спогодба, воспоставуваат со заеднички договор и други показатели (договорени показатели) кои овозможуваат поблиско и пореално согледување на резултатот на нивното работење и оценување на односите во распределбата, во согласност со специфичностите на тие стопански организации.

Начинот на прибавување податоци и на размена на договорените показатели го утврдуваат спогодбено сродните стопански организации.

8. Покрај единствените показатели придвидени со оваа спогодба и договорените показатели е полезно а често и неопходно, стопанските организации да се служат, заради анализа и оцена на резултатот на работењето, и со други показатели заради поцелосно и пообјективно оценување на својот деловен успех, на условите на стопанисувањето и односите во распределбата, а особено со показатели што изразуваат дејство врз:

— движењето на трошоците на работењето;

— промените на набавните и продажните цени;

— промените во структурата на реализацијата во однос на реализацијата на домашниот пазар и по пат на извоз;

— стопанските мерки и инструменти на стопанскиот систем;

— промените на асортиманот итн.

III. ПРИМЕНА НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ

9. Согледувањето и оценувањето на деловниот успех, условите на стопанисувањето и односите во распределбата, стопанската организација го врши со методата наспоредување на резултатите во определени периоди според единствените и договорените показатели.

10. Врз основа на единствените и договорените показатели стопанската организација го согледува и оценува својот деловен успех и условите на стопанисувањето со нивно споредување со претходниот период.

Со споредувањето на сопствените резултати на работењето стопанската организација утврдува дали нејзиниот деловен успех и условите на стопанисувањето во текуштиот период се исти, подобри или полоши отколку во претходниот период.

11. Стопанската организација го споредува, со примена на истите показатели, својот деловен успех и условите на стопанисувањето со деловниот успех и со условите на стопанисувањето на сродните стопански организации.

Врз основа на ваквото споредување, стопанската организација согледува каков е нејзиниот деловен успех од претходниот период на работењето наспрема деловниот успех на сродните стопански организации односно наспрема деловниот успех на група или подгрупа сродни стопански организации — во истиот претходен — период.

Покрај согледувањето на своето место во групата односно подгрупата на сродни стопански организации наспрема остварените резултати, стопанската организација го согледува движењето на резултатите што ги остварила таа и сродните стопански организации за две или повеќе претходни години. Врз основа на тоа стопанската организација ја оценува динамиката на својот деловен успех во однос на динамиката на деловниот успех на сродните стопански организации и на динамиката на просечниот успех во групата односно подгрупата на сродни стопански организации.

Согледувањето на деловниот успех и условите на стопанисувањето на стопанската организација врз основа на споредување со резултатите и условите на стопанисувањето на сродните стопански организации односно на група или подгрупа сродни стопански организации, гледано во определен временски период и низ нивната динамика, дава општа слика за деловниот успех на стопанската организација во однос на деловниот успех на сродните стопански организации и на групата или подгрупата сродни стопански организации.

12. За оцена на својот деловен успех стопанската организација првенствено ги користи показателите на деловниот успех од точката 2 на оваа спогодба.

За основно согледување на големината на деловниот успех служи, по правило, показателот: „остварен нето-продукт наспрема напоредниот нето-продукт", кој покажува дали стопанската организација, во смисла на точката 5 став 2 од Упатството, обезбедува од оствареният нето-продукт поголема акумулација и поголеми средства за лична и заедничка потрошувачка на работниците.

13. Ако стопанската организација врз основа на оцената на својот деловен успех утврди дека во поглед на големината на резултатот заостанува по сродните стопански организации односно по група или подгрупа сродни стопански организации, или дека нивото на личните доходи не ѝ е усогласено со нивото на личните доходи и со постигнатиот деловен успех на сродните стопански организации односно на група или подгрупа сродни стопански организации — ќе води за тоа сметка при распределбата на чистиот приход. Потребна усогласеност стопанската организација треба во идно постапно да постигне со подобрување на своите деловни резултати односно со приспособување на пропорциите на распределбата во својот правилник.

14. Споредувањето на сопствените резултати со сопствените резултати од претходниот период на работењето, стопанската организација го врши со помош на единствените и договорените показатели годишно — за деловната година, и периодично — за пресметковните периоди во текот на годината.

Споредувањето на сопствените резултати стопанската организација го врши наспрема резултатите од претходната година односно од соодветниот период на претходната година, или со просечните резултати за повеќе години ако е тоа пореално за оцена на деловниот успех и односите во распределбата.

15. Споредувањето на сопствените резултати со резултатите на сродните стопански организации се врши врз основа на податоците и показателите што ги дава Службата на општественото книговодство според завршните сметки на стопанските организации и податоците и показателите што ќе ги утврдат спогодбено стопанските организации.

Припадноста на стопанската организација кон определена група односно подгрупа се утврдува врз основа на Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државните органи според дејностите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/62 и 12/63).

16. Единствените показатели предвидени со оваа спогодба даваат само почетни елементи за основно согледување на деловниот успех и оцена на односите во распределбата и бараат понатамошни поконкретни анализи и поблиски согледувања и споредувања на постигнатите резултати на стопанисувањето, условите под кои се остварени тие, а низ тоа и на односите во распределбата. Врз основа на такво сестрано согледување на своите резултати, условите на стопанисувањето и односите во распределбата, работните колективи односно нивните органи на управувањето треба да донесуваат соодветни одлуки и во својот правилник за распределбата на чистиот приход да ги утврдуваат своите мерила.

17. Стопанските организации се служат со показателите на деловниот успех кога донесуваат одлуки за распределбата на чистиот приход или ја утврдуваат политиката на распределбата, а особено при:

1) донесувањето на правилникот за распределбата на чистиот приход и за распределбата на личните доходи и воопшто при одлучувањето за политиката на распределбата и за односите што ѝ одговараат на неа;

2) одлучувањето за материјалните односи помеѓу работните единици, погоните и другите организациони единици;

3) разгледувањето на остварените резултати и при донесувањето на одлуката за распределба на чистиот приход врз основа на периодичните пресметки и завршните сметки;

4) донесувањето на плановите за работење и развој.

18. Сојузниот секретаријат за трудот, Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија и Сојузната стопанска комора ќе ја обезбедат, врз основа на податоците од Службата на општественото книговодство, изработката на анализите на остварените резултати и извршената распределба на чистиот приход за група сродни организации.

При изработката на анализите треба да се обрне внимание особено на:

1) односот на остварените резултати и односот на распределбата во групата односно подгрупата сродни стопански организации;

2) позначителните разлики во односите помеѓу резултатите и односите во распределбата, што се јавуваат помеѓу стопанските организации;

3) односот на остварените резултати на група сродни стопански организации спрема резултатите на други групи во истата стопанска гранка и стопанска област.

Стопанските организации ќе ги користат резултатите на тие анализи како помош во анализите на своите резултати и како основ за заеднички договори со други стопански организации во групата односно подгрупата заради решавање на заедничките проблеми во врска со работењето, распределбата, давањето заем на помош и сл.

19. Советите на Сојузната стопанска комора и централните одбори на Сојузот на синдикатите на Југославија ќе организираат заеднички претресувања на резултатите на анализите извршени за стопанските организации од одделни групи односно подгрупи. Претресувањето на резултатите и односите во распределбата ќе се организира за стопанските организации и во рамките на општината, градот, околијата или републиката, зависно од значењето на дејноста, бројноста на стопанските организации и прашањата што се предмет на анализи и претресувања.

Резултатите на анализите и договорите постигнати на состаноците на стопанските организации им ги доставуваат организаторите на состаноците на органите на самоуправувањето на стопанските организации од определени групи односно гранки, на општинското собрание и на другите заинтересирани организации и органи.

IV. СПРОВЕДУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ

20. Организациите и органите на Сојузната стопанска комора, Сојузот на синдикатите на Југославија, органите на управата надлежни за работите на трудот и комисиите за спроведување на прописите за распределбата на чистиот приход на стопанските организации и установи, ќе соработуваат и ќе даваат помош со цел за правилна примена и користење на показателите од оваа спогодба.

Бр. 06-2168/1
3 јули 1963 година
Белград

Потпретседател на Сојузната стопанска комора,	Секретар на Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија,	Државен потсекретар во сојузниот секретаријат за трудот,
Д. Драгосавац, с. р.	**Б. Ромик'** с. р.	**Р. Албрехт**, с. р.

ЛИСТА НА ЕДИНСТВЕНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ

Во оваа листа се даваат:

1) единствените показатели на деловниот успех, условите на стопанисувањето и распределбата;

2) елементите за пресметување на единствените показатели.

I. ЕДИНСТВЕНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА деловниот успех, условите на стопанисувањето и распределбата

1. Единствени показатели на деловниот успех

(1) Остварен нето-продукт наспрема напоредниот нето-продукт (реден број 1 до 5 на елементите)	$\frac{НП \times 100}{НПн}$
(2) Нето-продукт на 1 работник (реден број 1 и 4 на елементите)	$\frac{НП}{Р}$
(3) Нето-продукт наспрема ангажираните деловни средства ред. број 1 и 2 на елементите)	$\frac{НП}{С}$
(4) Количина на реализираното производство на 1 работник (реден број 19 и 4 на елементите)	$\frac{Q}{Р}$
(5) Вкупен приход наспрема потрошените средства (реден број 6 и 7 на елементите)	$\frac{ВП}{ПС}$

2. Единствени показатели на условите на стопанисувањето

(6) Ангажирани деловни средства на 1 работник (реден број 2 и 4 на елементите)	$\frac{С}{Р}$
(7) Орудија за работа на 1 работник (реден број 8 и 4 на елементите)	$\frac{Он}{Р}$
(8) Норма на способноста на орудијата за работа (реден број 9 и 8 на елементите)	$\frac{Ос \times 100}{Он}$
(9) Однос помеѓу орудијата за работа и основните средства (реден број 8 и 10 на елементите)	$\frac{Он \times 100}{ОСн}$
(10) Однос помеѓу данокот на промет и нето-продуктот (реден број 11 и 1 на елементите)	$\frac{Дп \times 100}{НП}$
(11) Учество на чистиот приход во нето-продуктот (реден број 12 и 1 на елементите)	$\frac{ЧП\ II \times 100}{НП}$

3. Единствени показатели на распределбата

(12) Учество на личната и заедничката потрошувачка во чистиот приход (реден број 13, 14 и 12 на елементите)	$\frac{(БЛД + ЗП) \times 100}{ЧП\ II}$
(13) Учество на бруто личните доходи во чистиот приход (реден број 13 и 12 на елементите)	$\frac{БЛД \times 100}{ЧП\ II}$
(14) Бруто личен доход на 1 работник (реден број 13 и 4 на елементите)	$\frac{БЛД}{Р}$
(15) Нето личен доход од чистиот приход на 1 работник (реден број 15 и 4 на елементите)	$\frac{НЛД}{Р}$
(16) Исплатен нето личен доход на 1 работник (реден број 16 и 4 на елементите)	$\frac{ИЛД}{Р}$
(17) Фондови наспрема деловните средства (реден број 17 и 2 на елементите)	$\frac{Ф}{С}$
(18) Фондови на 1 работник (реден број 17 и 4 на елементите)	$\frac{Ф}{Р}$
(19) Потрошени средства на заедничката потрошувачка по еден работник (реден број 18 и 4 на елементите)	$\frac{ПЗП}{Р}$

II. ЕЛЕМЕНТИ

за пресметување на единствените показатели

Реден број	Назив на елементот	Опис на елементот
1	2	3
1.	Нето-продукт (НП)	Нето продукт претставува вкупен приход на стопанската организација намален за вредноста на потрошените средства (реден број 62 на образецот 14 на завршната сметка за 1962 година)
2.	Просечно ангажирани деловни средства (С)	Просечно ангажираните деловни средства се состојат од просечно ангажираните основни и обртни средства (редни броеви 119 и 160 на образецот 14 на завршната сметка за 1962 година)

1	2	3
3.	Вкупни средства за лични доходи и лични издатоци (ВЛД)	Вкупните средства за лични доходи и лични издатоци претставуваат вкупни бруто средства за лични доходи од распределбата на чистиот приход, наголемени за износот на личните издатоци што ги товарат трошоците на работењето (реден број 98 и 76 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)
4.	Број на вработените (Р)	Бројот на вработените работници се пресметува врз основа на укалкулираните извршени часови работа на сите работници (искажани под редниот број 147 на образецот 14 на завршната сметка за 1962 година). Вкупниот број на тие часови искажан за определен период на работењето (за година — според завршната сметка, а за пресметковен период — според периодичните пресметки) се дели со бројот на часовите на редовно работно време во дотичниот период (на пример за 1 година се дели со 2.496 часови)
5.	Напореден нето-продукт (НПу)	Напередниот нето-продукт се пресметува според образецот: $НПу = С \times \frac{НПо - ВЛДо}{Со} + (Р \times \frac{ВЛДо}{Ро})$ каде НПо = нето-продукт на стопанската организација во претходниот период, односно нето-продукт на стопанската организација, групата односно подгрупата со кои се врши споредување ВЛДо = се вкупни средства за лични доходи и лични издатоци на стопанската организација во претходниот период, односно вкупни средства на стопанската организација, групата односно подгрупата со кои се врши споредување Со = се просечно ангажирани деловни средства на стопанската организација во претходниот период односно просечно ангажирани деловни средства на стопанската организација, групата односно подгрупата со кои се врши споредување По = е број на вработените работници во стопанската организација во претходниот период, односно број на вработените работници на стопанската организација, групата односно подгрупата со кои се врши споредување
6.	Вкупен приход (ВП)	Вкупниот приход претставува износ на наплатената реализација на стопанската организација (реден број 48 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)

1	2	3
7.	Потрошени средства (ПС)	Потрошените средства претставуваат збир на материјалните трошоци на амортизацијата, трошоците на инвестиционото одржување, подвозот и другите трошоци (реден број 61 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)
8.	Орудија за работа според набавната вредност (Он)	Орудијата за работа според набавната вредност се изразуваат низ просекот на набавната вредност на орудијата за работа на почетокот и на крајот на пресметковниот период (збир на износите под редниот број 3 за 1961 и 1962 година од образецот 14 на завршната сметка за 1962 година, поделен со 2)
9.	Орудија за работа според сегашната вредност (Ос)	Орудијата за работа според сегашната вредност претставуваат просек на сегашната вредност на орудијата за работа на почетокот и на крајот на пресметковниот период (збир на износите под редниот број 3 за 1961 и 1962 година намален за збирот на износите под редниот број 13 за истите години, поделен со 2 според образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)
10.	Основни средства според набавната вредност (ОСн)	Основните средства според набавната вредност ја опфаќаат просечната вредност на активните основни средства утврдени на почетокот и на крајот на пресметковниот период (збир на износите под редниот број 9 за 1961 и 1962 година според образецот 14 на завршната сметка за 1962 година, поделен со 2)
11.	Данок на промет (Дп)	Данокот на промет го опфаќа износот по сите видови на данокот на промет во пресметковниот период (реден број 69 до 72 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)
12.	Чист приход (ЧП II)	Чистиот приход го опфаќа износот кој се добива кога од доходот на стопанската организација ќе се одбие придонесот од доходот, придонесот на вонредниот приход, придонесот на заедничките резерви и придонесот за општествените инвестициони фондови (реден број 95 намален за збирот на износите под редниот број 96 97 и 99 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)
13.	Бруто средства за лични доходи (БЛД)	Бруто средствата за лични доходи го претставуваат износот кој е издвоен со распределбата на чистиот приход (реден број 98 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)
14.	Заедничка потрошувачка (ЗП)	Заедничката потрошувачка го опфаќа износот на средствата издвоени со распределбата на чистиот приход во фондот на заедничката потрошувачка во текот на една деловна година (реден број 103 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)

1	2	3
15.	Нето личин доход од чистиот приход (НЛД)	Нето личниот доход од чистиот приход го претставува износот што е издвоен со распределбата на чистиот приход и сведен на нето износ (реден број 98 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година, сведен врз нето износ)
16.	Исплатен нето личен доход (ИЛД)	Исплатениот нето личен доход ги претставува вкупните средства исплатени на име лични доходи во определениот пресметковен период (реден број 132 и 133 на образецот 14 од завршната сметка за 1962 година)
17.	Фондови на стопанската организација (Ф)	Фондовите на стопанската организација го опфаќаат износот од распределбата на чистиот приход, заедно со отстапениот дел на придонесот од доходот, по издвојувањето на средства за лични доходи и за задолжителниот дел на резервниот фонд (збир на редните броеви 92, 101, 102, 103 и 104 од образецот 14 на завршната сметка за 1962 година)
18.	Потрошени средства на заедничката потрошувачка (ПЗП)	Потрошените средства на заедничката потрошувачка ги опфаќаат средствата што се потрошени во текот на една деловна година во целите на заедничката потрошувачка (реден број 207 на образецот 14 од завршната сметка за 1961 година)
19.	Физички обем на реализираното производство (Q)	Физичкиот обем на реализираното производство се мери со натурални показатели, односно каде тоа не е можно, со показателите што приближно го изразуваат физичкиот обем на производството (норма-часови, еквивалентни производи, вредносни показатели и сл., содржани во реализираното производство на пазарот, при што тие показатели треба да се пресметуваат со примена на истите вредности во текуштиот и базниот период)

Упатувањето на образецот на завршните сметки се врши поради тоа за да се објаснат поблиску одделни елементи содржани во единствените показатели. Ако обрасците на завршната сметка би се измениле, од нив заради утврдување на единствените показатели ќе се земат елементите кои според својата содржина му одговараат на описот на елементите од оваа листа, без оглед на редниот број под кој се тие наведени во новите обрасци.

421.

Врз основа на членот 87 од Законот за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62), членот 147 од Законот за инвалидското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/58, 27/59 и 53/62), членот 95 од Законот за пензиското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57, 44/58, 27/59, 48/59, 10/61, 22/62 и 53/62) и чл. 83 и 148 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за трудот, Сојузниот завод за социјално осигурување и Сојузот на филмските работници на Југославија и со „Авала" претпријатие за производство и извоз на филмови во Белград кое ги застапува филмските производители на Југославија, склучуваат

ДОГОВОР
ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој договор се регулира социјалното осигурување на филмските работници.

Како филмски работници се сметаат:

1) членовите и кандидатите за членови на Сојузот на филмските работници на Југославија на кои работата на снимање и изработка на филм врз основа на ангажман им е единствено или главно занимање;

2) лица што не се членови или кандидати за членови на Сојузот на филмските работници на Југославија — ако се оспособени за работа на снимање и изработка на филм и ако таквата работа врз основа на ангажман им е единствено или главно занимање;

3) лица што работат на снимање и изработка на филм во самостојни производствени единици, ако таквото снимање и изработка на филмови е дозволено со важечките прописи.

Овој договор не се однесува на лицата кои за времето на работата на снимање и изработка на филм се социјално осигурени по друг основ.

Член 2

Филмските работници се осигурени според овој договор за сето време на траењето на ангажманот односно работата во самостојна производствена единица, како и во рок од една година по престанокот на ангажманот односно работата во самостојна производствена единица (заштитен рок), ако во тоа време односно во тој рок не бидат социјално осигурени по друг основ.

Комисијата од членот 5 став 1 на овој договор ќе го продолжи, на предлог од републичкото здружение на филмските работници, социјалното осигурување на филмските работници и над рокот од една година од ставот 1 на овој член, ако утврди дека филмскиот работник од оправдани причини (усовршување или специјализација во струката, учествување во делегации во странство, особено намалување на производството и сл.) не бил ангажиран или не работел во самостојна производствена единица во тој рок.

Времето за кое филмскиот работник поради болест или повреда бил неспособен за работа не се засметува во рокот од една година од ставот 1 на овој член.

Член 3

Филмските работници имаат право на здравствено, инвалидско и пензиско осигурување и право на додаток на деца.

Правата од ставот 1 на овој член ги имаат филмските работници за себе си и за членовите на своите фамилии, под условите и во обемот што се пропишани со Законот за здравственото осигурување, со Законот за инвалидското осигурување, со Законот за пензиското осигурување и со Уредбата за додатокот на деца, ако со овој договор не е определено поинаку.

Член 4

Занимањата на филмските работници опфатени со овој договор се:

1) писател на сценарио, режисер, главен снимател, композитор, сценограф, филмски артист и сликар на костими на игран филм; писател на сценарио, режисер и снимател на документарен филм; писател на сценарио, режисер, цртач на карактери, сценограф и аниматор на цртан филм и филм со кукли — што не се социјално осигурени според општите прописи за социјалното осигурување;

2) прв асистент на режија, снимател (швенкер), филмски архитект, снимател на звук и главен монтажер, главен цртач на цртан филм, директор на филмска екипа и водач (организатор) на снимање на игран филм;

3) помошник директор на филмска екипа на игран филм, регистратор на снимање на игран филм, други асистенти на режија на игран филм и асистенти на режија на други видови филмови, асистент на снимател, асистент на сценограф на игран филм, снимател и фазер на цртан филм, маскер, главен осветлувач на игран филм, директор на екипа и организатор на снимање на документарен и на него сличен филм, музички соработник на сите видови филмови, асистент на снимател на звук (тонски камерман и микроман) и филмски фотограф;

4) помошник на организатор на снимање на игран филм, асистент на монтажер на сите видови филмови, шминкер, реквизитер, гардеробер и осветлувач, како и копист и колорист на цртан филм и филм со кукли.

Договорните страни можат да се спогодат да се прошири овој договор и на лицата кои во рамките на работите на снимање и изработка на филм се занимаваат со други дејности, освен со оние што се предвидени во ставот 1 точ. 1 до 4 на овој член.

Член 5

Својството на филмски работник во смисла на овој договор и времето поминато на снимање и изработка на филм пред воведувањето на социјалното осигурување што се смета во пензиски стаж го утврдува со решение за секој одделен случај посебна комисија што ја формира републичкиот завод за социјално осигурување, од претставник на републичкиот орган на управата надлежен за работите на културата, републичкиот завод за социјално осигурување, републичкото здружение на филмските работници, републичкиот орган на Синдикатот на работниците на општествените дејности и од претставник на филмските производители на територијата на републиката што ќе го определат спогодбено овие производители.

Постапката за утврдување својството на филмски работник во смисла на овој договор и постапката за утврдување времето поминато на снимање и изработка на филм пред воведувањето на социјалното осигурување, што се смета во пензиски стаж, се поведува по барање од филмскиот работник. Барањето се поднесува преку републичкото здружение на филмските работници, кое кон барањето приложува свој образложен предлог.

Против решението што го донесува комисијата од ставот 1 на овој член подносителот на барањето, републичкото здружение на филмските работници и филмскиот производител кај кој е ангажиран подносителот на барањето можат во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да ѝ изјават жалба на посебната комисија, што ја формира Сојузниот завод за социјално осигурување од претставник на сојузниот орган на управата надлежен за работите на културата, Сојузот на филмските работници на Југославија, Сојузниот завод за социјално осигурување, Сојузниот орган на Синдикатот на работниците на општествените дејности и од претставник на филмските производители на Југославија што ќе го определат спогодбено овие производители.

Социјалното осигурување регулирано со овој договор, за одделен филмски работник за кој во смисла на ст. 1 до 3 на овој член е утврдено дека има својство на филмски работник и за член на неговата фамилија, почнува да тече од денот на поднесувањето на барањето од страна на филмскиот работник за утврдување својството на филмски работник до републичкото здружение на филмските работници.

ПРАВА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

Пензиски стаж

Член 6

Во пензиски стаж на филмските работници им се смета:

1) времето поминато во осигурување според овој договор;

2) времето поминато во работа на снимање и изработка на филм пред воведувањето на социјалното осигурување на филмските работници, и тоа од денот кога таа работа според решението на комисијата од членот 5 став 1 на овој договор им станала единствено или главно занимање;

3) времето што се смета според Законот за пензиското осигурување и Законот за инвалидското осигурување во работен и посебен стаж.

Ако признавањето на определен период во пензиски стаж според Законот за пензиското осигурување и Законот за инвалидското осигурување е условено со стапување во работен однос или со определено траење или престанок на работниот однос, ќе се смета дека тој услов е исполнет со започнувањето на работата на снимање и изработка на филм односно со соодветното траење или престанок на вршењето на таквата работа.

Времето на осигурувањето во заштитниот рок (член 2 ст. 1 и 2) им се смета на филмските работници во работен стаж во смисла на Законот за пензиското осигурување.

Основица на осигурувањето

Член 7

Заради определување парични износи на правата од социјалното осигурување, филмските работници се распоредуваат во основици на осигурувањето, и тоа:

1) филмските работници од членот 4 став 1 точ. 1 и 2 на овој договор:

со стаж						основица на осигурувањето
мажи			жени			динари
до 5 години			до 5 години			17.950
над 5	до 10	„	над 5	до 10	„	19.200
„ 10	„ 15	„	„ 10	„ 15	„	20.450
„ 15	„ 20	„	„ 15	„ 18	„	21.850
„ 20	„ 25	„	„ 18	„ 22	„	23.300
„ 25	„ 30	„	„ 22	„ 26	„	24.900
„ 30	години		„ 26	години		26.800

2) филмските работници од членот 4 став 1 точка 3 на овој договор:

со стаж						основица на осигурувањето
мажи			жени			динари
до 5 години			до 5 години			16.750
над 5	до 10	„	над 5	до 10	„	17.950
„ 10	„ 15	„	„ 10	„ 15	„	19.200
„ 15	„ 20	„	„ 15	„ 18	„	20.450
„ 20	„ 25	„	„ 18	„ 22	„	21.850
„ 25	„ 30	„	„ 22	„ 26	„	23.000
„ 30	години		„ 26	години		24.900

3) филмските работници од членот 4 став 1 точка 4 на овој договор:

со стаж						основица на осигурувањето
мажи			жени			динари
до 5 години			до 5 години			15.700
над 5	до 10	„	над 5	до 10	„	16.750
„ 10	„ 15	„	„ 10	„ 15	„	17.950
„ 15	„ 20	„	„ 15	„ 18	„	19.200
„ 20	„ 25	„	„ 18	„ 22	„	20.450
„ 25	„ 30	„	„ 22	„ 26	„	21.850
„ 30	години		„ 26	години		23.300

Распоредувањето на филмските работници во основици на осигурувањето од ставот 1 на овој член го врши со решение комуналниот завод за социјално осигурување надлежен во смисла на членот 20 став 1 од овој договор, кој за ова може да ја овласти својата филијала.

По исклучок, управниот одбор на републичкиот завод за социјално осигурување може, на предлог од комисијата од членот 5 став 1 на овој договор, да распореди особено заслужен филмски работник во основица на осигурувањето повисок од основиците од ставот 1 на овој член, но не во повисок од 32.100 динари.

Здравствено осигурување

Член 8

Надоместок на личниот доход во случај на привремена неспособност за работа од членот 48 став 1 точка 1 од Законот за здравственото осигурување му припаѓа на филмски работник од осмиот ден на непрекинатото траење на таа неспособност.

Како основ за надоместок на личниот доход се зема основицата на осигурувањето во која филмскиот работник во смисла на членот 7 од овој договор е распореден непосредно пред настапувањето на случајот што дава право на надоместок — ако во таа основица на осигурувањето поминал најмалку три месеци. Ако филмскиот работник поминал во таа основица на осигурувањето помалку од три месеци, надоместокот се определува од непосредно пониската основица на осигурувањето, но не пониска од најниската основица на онаа точка од ставот 1 на членот 7 од овој договор според која е распореден.

Надоместокот на личниот доход му припаѓа на филмски работник и за времето на осигурувањето по престанокот на ангажманот односно работата во самостојна производствена единица.

Пензиско осигурување

Член 9

Личната пензија се определува од просекот на основиците на осигурувањето од членот 7 на овој договор во кои филмскиот работник ги поминал последните три години на осигурувањето пред пензионирањето.

Износот на пензијата определена од просекот на основицата на осигурувањето содржи и зголемување од 400 динари според Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за воведување посебен додаток на пензиите во 1962 година („Службен лист на ФНРЈ", бр 53/62).

Инвалидско осигурување

Член 10

Филмските работници се осигурени за сите случаи на инвалидност предвидени во Законот за инвалидското осигурување, подразбирајќи ги тука и случаите на телесно оштетување и случаите на опасност од настапување на инвалидност во врска со работата на снимање и изработка на филм.

Филмските работници имаат право, под условите и во обемот што се утврдени во Законот за инвалидското осигурување, на: инвалидска пензија со додаток за помош и нега од страна на друго лице и заштитен додаток, инвалиднина, професионална рехабилитација со материјално обезбедување во врска со рехабилитацијата, запослување на соодветна работа со надоместоци во врска со користењето на тоа право, како и на надоместок на патните и превозните трошоци.

Член 11

Како своја работа во смисла на членот 30 од Законот за инвалидското осигурување и овој договор се смета работата што ја врши филмски работник во рамките на занимањето од членот 4 на овој договор врз основа на кое му е утврдено својството на филмски работник.

Член 12

Инвалидската пензија на филмските работници се определува од онаа основица на осигурувањето од членот 7 на овој договор од која би била определена личната пензија да се здобиле во времето на настапувањето на инвалидноста со правото на лична пензија. Износот на така определената инвалидска пензија содржи и зголемување од 400 динари според Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за воведување посебен додаток на пензиите во 1962 година.

Член 13

Со професионална рехабилитација филмските работници што ја немаат на пропишаниот начин здобиено стручната спрема за својата работа, се оспособуваат, и тоа: филмските работници од членот 7 став 1 точка 1 на овој договор за работните места од II категорија, а филмските работници од членот 7 став 1 точ. 2 и 3 на овој договор за работните места од III категорија на работните места од членот 64 на Законот за пензиското осигурување — ако својата работа ја вршеле најмалку 2 години во последните 3 години работа пред настапувањето на инвалидноста. Филмските работници што својата работа ја вршеле помалку од 2 години се оспособуваат за работното место на онаа категорија што ѝ одговара на стручната спрема со која се здобиле тие на пропишаниот начин.

Член 14

Материјалното обезбедување во врска со рехабилитацијата и привремениот надоместок во врска со користењето на правото на запослување на соодветна работа според Законот за инвалидското осигурување се определуваат на начинот предвиден во членот 8 став 2 на овој договор.

Член 15

На филмските работници што се здобиле со правото на запослување на соодветна работа а ја немаат на пропишаниот начин здобиено стручната спрема за својата работа, им се обезбедува запослување, и тоа: на филмските работници од членот 7 став 1 точка 1 на овој договор на работните места од II категорија, а на филмските работници од членот 7 став 1 точ. 2 и 3 на овој договор на работните места од III категорија на работните места од членот 64 на Законот за пензиското осигурување — ако својата работа ја вршеле најмалку 2 години во последните 3 години работа пред настапувањето на инвалидноста. На филмските работници што својата работа ја вршеле помалку од 2 години им се обезбедува запослување на работното место од онаа категорија што ѝ одговара на стручната спрема со која се здобиле тие на пропишаниот начин.

Член 16

Заради определување на надоместокот од членот 128 на Законот за инвалидското осигурување како плата со постојани додатоци во смисла на тој член се смета основицата на осигурувањето од членот 7 на овој договор во која бил распореден филмскиот работник во моментот на настапувањето на инвалидноста.

ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 17

За социјалното осигурување што се спроведува според овој договор се плаќаат придонеси за сето време за кое се осигурени филмските работници според овој договор.

Придонесите за социјално осигурување на филмските работници се пресметуваат и плаќаат по нормите на придонесите што, во смисла на членот 89 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, ги определуваат собранијата на комуналните заедници на социјалното осигурување и собранијата на републичките заедници на социјалното осигурување.

Како основици за пресметување и плаќање на придонесите се земаат основиците на осигурувањето од членот 7 на овој договор, наголемени за 60%.

Придонесите за социјално осигурување на филмските работници не се плаќаат за времето на спреченоста за работа од членот 48 на Законот за здравственото осигурување.

За социјалното осигурување на филмските работници не се плаќаат додатни придонеси.

Член 18

Придонесите за социјално осигурување на филмските работници (за време на ангажманот и за време на заштитниот рок) ги плаќаат: републичките здруженија на филмските работници за своите членови и кандидати за членови, филмските производители — за филмските работници од членот 1 став 2 точка 2 на овој договор, а самите филмски работници во случаите од членот 1 став 2 точка 3 на овој договор.

Филмските производители солидарно се одговорни за уплатата на придонесите за социјално осигурување за филмските работници — членови на Здружението на филмските работници и за кандидатите за такви членови што се ангажирани кај тие производители, за времето на таквиот ангажман и за времето на заштитниот рок.

Член 19

Кога самите филмски работници се обврзници за уплата на придонесите, користењето на правата според овој договор е условено со уредното плаќање на придонесите, со тоа што користењето на овие права не може да започне ако стасаните придонеси не се уплатени најдоцна до крајот на наредниот месец по месецот во кој стасале за уплата. Запреното користење на правата ќе се воспостави од денот на подмирувањето на сите стасани а неуплатени придонеси.

ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 20

За правата утврдени со овој договор решава комуналниот завод за социјално осигурување надлежен за подрачјето на кое се наоѓа седиштето на републичкото здружение на филмските работници.

Ако комуналниот завод од ставот 1 на овој член не би бил, во смисла на членот 161 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, надлежен и за решавање за сите права од инвалидското и пензиското осигурување, за тие права решава комуналниот завод определен во смисла на тој член како надлежен за подрачјето на кое се наоѓа седиштето на републичкото здружение на филмските работници.

Член 21

Надоместокот на личниот доход во случаите на спреченост за работа (член 48 од Законот за здравственото осигурување) го остваруваат филмските работници од членот 1 став 2 точ. 1 и 2 на овој договор:

1) за првите триесет календарски денови на спреченост за работа — кај републичкото здружение на филмските работници, на товар на средствата што ги обезбедуваат филмските производители;

2) од триесет и првиот ден на спреченост за работа — кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување — на товар на фондот на здравственото осигурување.

Филмските работници од членот 1 став 2 точка 3 на овој договор го остваруваат надоместокот на личниот доход во случаите на спреченост за работа — кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување, на товар на фондот на здравственото осигурување.

Надоместокот на личниот доход во случај на бременост и породување го остваруваат сите филмски работници кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување, на товар на фондот на здравственото осигурување.

Член 22

Правата определени со овој договор се остваруваат со поднесување на барање од страна на филмскиот работник односно членот на фамилијата на умрениот филмски работник.

Барањето од ставот 1 на овој член му се поднесува на комуналниот завод за социјално осигурување, надлежен во смисла на членот 20 од овој договор.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Заради користење на правата определени со овој договор, комуналниот завод за социјално осигурување надлежен во смисла на членот 20 од овој договор ќе изврши по службена должност распоредување на филмските работници во основиците на осигурувањето од членот 7 на овој договор.

Член 24

Личните, инвалидските и фамилијарните пензии, определени или преведени пред влегувањето во сила на овој договор, ќе се преведат на основиците на осигурувањето од членот 7 на овој договор врз основа на пензискиот стаж и другите факти утврдени во поранешните решенија за определување односно преведување на пензијата. Ако износите на преведените пензии би биле помали од износите на пензиите пред преведувањето, ќе се исплатуваат и понатаму износите на поранешните пензии.

Преведувањето на пензиите од ставот 1 на овој член ќе се изврши по службена должност.

Член 25

Својството на филмски работник утврдено од страна на надлежниот орган според одредбите од Одлуката за социјално осигурување на филмските работници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/55) ќе се смета како својство утврдено според членот 5 од овој договор.

При распоредувањето во основиците на осигурувањето според овој договор надлежниот завод може, заради проверка на документацијата, да побара од републичкото здружение на филмските работници или непосредно од филмскиот работник да поднесе повторно одделни документи.

Член 26

За филмските работници — членови на Сојузот на филмските работници на Југославија и за кандидатите за такви членови, што го поднесле барањето за утврдување својството на филмски работник пред почетокот на применувањето на овој договор, како и за членовите на нивните фамилии, правото на здравствено, инвалидско и пензиско осигурување и на додаток на деца започнува да тече од денот на поднесувањето на барањето до републичкото здружение на филмските работници, со тоа до крајот на 1962 година да им се регулираат тие права според Договорот за социјално осигурување на филмските работници од 20 јуни 1959 година, а по тоа според овој договор.

На филмските работници од членот 1 став 2 точ. 2 и 3 на овој договор што не биле социјално осигурени во периодот од 1 јули 1962 година до почетокот на применувањето на овој договор ќе се применува за тој период договорот за социјално осигурување на филмските работници од 20 јули 1959 година во поглед на правата како и во поглед на обврските за плаќање на придонесите за социјално осигурување.

Член 27

На социјалното осигурување на филмските работници ќе се применуваат, ако со овој договор не е поинаку регулирано, одредбите од Законот за здравственото осигурување, Законот за инвалидското осигурување, Законот за пензиското осигурување, Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување и од Уредбата за додатокот на деца.

Член 28

Поблиски упатства за применување на овој договор донесува, по потреба, Сојузниот завод за социјално осигурување во спогодба со Сојузот на филмските работници на Југославија и со застапникот на филмските производители на Југославија.

Член 29

Овој договор можат да го раскинат договорните страни со отказ чиј рок изнесува шест месеци.

Член 30

Со денот на влегувањето во сила на овој договор престанува да важи Договорот за социјално оси-

гурување на фалмските работници од 20 јули 1959 година.

Член 31

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

Бр. 4728
27 април 1963 година
Белград

За Сојузниот завод за социјално осигурување, Директор.	За филмските производители на Југославија застапник „Авала" претпријатие за производство и извоз на филмови во Белград Генерален директор,	За Сојузот на филмските работници на Југославија Секретар.
З. Хас, с. р.	Р. Дражевиќ, с. р.	В. Гаврик, с. р.

422.

Врз основа на членот 87 од Законот за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62), членот 147 од Законот за инвалидското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/58, 27/59 и 53/62), членот 95 од Законот за пензиското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57, 44/58, 27/59, 48/59, 10/61, 22/62 и 53/62) и чл. 83 и 148 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за трудот, а по прибавено мислење од републичките заводи за социјално осигурување, Сојузниот завод за социјално осигурување и Патријархот српски, како врховен претставник на Српската и Македонската православна црква, склучуваат

ДОГОВОР
ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА СВЕШТЕНИЦИТЕ НА СРПСКАТА И МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правата од социјалното осигурување определени со овој договор ги имаат: архиереите, свештениците и ѓаконите, како и свештеномонасите што се постојано запослени како службеници во служба на црквата и свештеномонасите на кои епархискиот архиереј ќе им довери вршење на парохиска или ѓаконска служба (во понатамошниот текст: осигурениците).

Член 2

Осигурениците имаат право на здравствено, инвалидско и пензиско осигурување.

Право на здравствено, инвалидско и пензиско осигурување имаат свештениците и ѓаконите и за членовите на своите фамилии.

Права од здравственото, инвалидското и пензиското осигурување имаат осигурениците и членовите на нивните фамилии (во понатамошниот текст: осигурените лица) под условите и во обемот што се пропишани со Законот за здравственото осигурување, Законот за инвалидското осигурување и Законот за пензиското осигурување, ако со овој договор не е определено поинаку.

ПРАВА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

Основици на осигурувањето

Член 3

Заради определување парични износи на правата од социјалното осигурување, осигурениците се распоредуваат според стручната спрема и пензискиот стаж во основици на осигурувањето, и тоа:

1) осигурениците со завршен богословски факултет или друг факултет или висока школа:

со стаж	основица на осигурувањето
до 5 години	17.800 динари
над 5 до 10 години	19.000 „
„ 10 „ 15 „	20.200 „
„ 15 „ 20 „	21.500 „
„ 20 „ 25 „	22.900 „
„ 25 „ 30 „	24.400 „
„ 30 години	26.000 „

2) осигурениците со виша спрема, како и осигурениците со средна спрема или завршена богословија што се наоѓаат на должност на судија, секретар или обвинител на црквен суд или секретар на епархиски управен одбор и кои поминале најмалку пет години на тие должности пред 14 мај 1958 година:

со стаж	основица на осигурувањето
до 5 години	16.800 динари
над 5 до 10 години	17 800 „
„ 10 „ 15 „	19.000 „
„ 15 „ 20 „	20 200 „
„ 20 „ 25 „	21.500 „
„ 25 „ 30 „	22.900 „
„ 30 години	24.400 „

3) осигурениците со средна спрема или завршена богословија:

со стаж	основица на осигурувањето
до 5 години	14.800 динари
над 5 до 10 години	15.700 „
„ 10 „ 15 „	16 800 „
„ 15 „ 20 „	17.800 „
„ 20 „ 25 „	19.000 „
„ 25 „ 30 „	20.200 „
„ 30 години	21.500 „

4) другите осигуреници:

со стаж	основица на осигурувањето
до 5 години	12.300 динари
над 5 до 10 години	12 800 „
„ 10 „ 15 „	13.400 „
„ 15 „ 20 „	14.000 „
„ 20 „ 25 „	14.800 „
„ 25 „ 30 „	15.700 „
„ 30 години	16.800 „

По исклучок, управниот одбор на републичкиот завод за социјално осигурување може на Патријархот, на предлог од Светиот архиерејски синод, а по прибавено мислење од Сојузната комисија за верски прашања, без оглед на стажот да му определи пензија поголема од највисоката основица на осигурувањето од точката 1 став 1 на овој член, а архиереите и професорите на богословскиот факултет може, на предлог од Патријархот да ги распореди во основица на осигурувањето повисока од основиците од ставот 1 на овој член но не во повисока од 41.800 динари.

Пензиски стаж

Член 4

Во пензиски стаж на осигурениците им се смета:

1) времето поминато во осигурување според овој договор;

2) сето време кое според одредбите за утврдување на стажот се признава како работен или посебен стаж;

3) сето време поминато во служба кај Српската и Македонската православна црква на територијата на Југославија и во служба на делови од Српската православна црква надвор од територијата на Југославија — до установувањето на социјалното осигурување на свештениците, и тоа од денот на раконоположението, без оглед на државјанството на осигуреникот.

Како време поминато во служба кај Српската и Македонската православна црква според точката 2 став 1 од овој член се смета и времето што го поминалне осигурениците по пензионирањето а до

установувањето на социјалното осигурување на свештениците, на должноста на свештеник, службеник на црква или вероучител.

Ако признавањето на определен период во пензиски стаж според Законот за пензиското осигурување и Законот за инвалидското осигурување е условено со стапување во работен однос или со определено траење или престанок на работниот однос, ќе се смета дека тој услов е исполнет со стапувањето во служба кај Српската и Македонската православна црква и со соодветното траење односно престанок на таа служба.

Здравствено осигурување

Член 5

Надоместокот на личниот доход се определува од основиците на осигурувањето од членот 3 на овој договор.

Надоместокот на личниот доход во случај на привремена неспособност за работа од членот 48 став 1 точка 1 на Законот за здравственото осигурување им припаѓа на парохиските свештеници, свештеномонасите и парохиските ѓакони почнувајќи од триесет и првиот ден на непрекинатото траење на таа неспособност, а на другите осигураници — од првиот ден на привремената неспособност за работа

Привремената неспособност за работа што настанува во рок од 30 дена од денот на престанокот на поранешното болување се смета како продолжување на поранешната неспособност за работа.

Одредбите од Законот за здравственото осигурување што се однесуваат на работата со скратено работно време во текот на траењето на привремената неспособност за работа и на правото на надоместок на личниот доход за тоа време, како и во случај на спреченост за работа во текот на работниот ден (чл. 50, 51 и 63 на Законот за здравственото осигурување), нема да се применуваат на осигурениците.

Пензиско осигурување

Член 6

Осигурениците се здобиваат со правото на полна пензија кога ќе наполнат 60 години живот и кога ќе ги исполнат и другите услови предвидени во Законот за пензиското осигурување.

Со правото на неполна пензија се здобиваат осигурениците под условите од членот 20 на Законот за пензиското осигурување.

Пензиите (лични и фамилијарни) се определуваат од основиците на осигурувањето од членот 3 на овој договор. Износот на пензијата определена од основиците на осигурувањето содржи и зголемување од 400 динари според Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за воведување посебен додаток на пензиите во 1962 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 53/62).

Исплатата на пензијата тече од првиот ден на наредниот месец по разрешувањето на осигураникот од редовна должност.

На осигурениците не им припаѓа правото на зголемување на полната пензија според членот 70 став 1 на Законот за пензиското осигурување за годините на свештеничката служба по исполнувањето на условите за полна пензија.

Инвалидско осигурување

Член 7

Осигурениците се осигурени за сите случаи на инвалидност предвидени во Законот за инвалидското осигурување, подразбирајќи ги тука и случаите на телесно оштетување и случаите на опасност од настапување на инвалидност во врска со службата.

Осигурениците имаат право, под условите и во обемот што се утврдени во Законот за инвалидското осигурување, на: инвалидска пензија со заштитен додаток и додаток за помош и нега од страна на друго лице, инвалиднина, професионална рехабилитација со материјално обезбедување во врска со рехабилитацијата, запослување на соодветна работа со надоместоци во врска со користењето на тоа право. како и на надоместок на патните и превозните трошоци.

Член 8

Како своја работа во смисла на членот 30 од Законот за инвалидското осигурување се сметаат работите што ги врши осигураникот како своја свештеничка должност.

Член 9

Инвалидската пензија на осигураникот се определува од онаа основица на осигурувањето од членот 3 на овој договор од која би била определена личната пензија да се здобил осигураникот со правото на лична пензија во времето на настапувањето на инвалидноста. Износот на така определената инвалидска пензија содржи и зголемување од 400 динари според Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за воведување посебен додаток на пензиите во 1962 година.

Член 10

Право на професионална рехабилитација според одредбите од Законот за инвалидското осигурување имаат осигурениците на кои Српската и Македонската православна црква во рамките на својата должност не може да им обезбеди друга должност.

Професионалната рехабилитација на осигурениците се врши на начинот определен во членот 104 став 1 точ. 1 и 2 и став 2 од Законот за инвалидското осигурување.

При оценувањето на преостанатата способност на осигураникот за вршење на својата или друга соодветна работа, инвалидските комисии ќе ги земаат предвид и нормите на Српската и Македонската православна црква со кои се регулира способноста за вршење на свештеничката служба.

Член 11

Право на запослување според одредбите од чл. 111 и 112 на Законот за инвалидското осигурување имаат осигурениците на кои Српската и Македонската православна црква во рамките на својата дејност не може да им обезбеди друга работа.

Член 12

Професионална рехабилитација и запослување на осигурениците се вршат за работно место односно на работно место од онаа категорија на работните места од членот 64 на Законот за пензиското осигурување што му одговараат на рангот на спремата според која осигурениците се распоредени според членот 3 на овој договор во основиците на осигурувањето.

Член 13

Заради определување на надоместокот од членот 128 на Законот за инвалидското осигурување како плата со постојани додатоци во смисла на тој член се смета основицата на осигурувањето од членот 3 на овој договор во која бил распореден осигураникот во моментот на настапувањето на инвалидноста.

ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 14

За социјалното осигурување што се спроведува според овој договор се плаќаат придонеси.

Придонесите за социјално осигурување на осигурениците се пресметуваат и плаќаат по нормите на придонесите што, во смисла на членот 89 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, ги определуваат собранијата на комуналните заедници на социјалното осигурување и собранијата на републичките заедници на социјалното осигурување.

Како основици за пресметување и плаќање на придонесите се земаат основиците од членот 3 на овој договор, наголемени за 60%.

Придонесите за социјално осигурување ги плаќа за парохиските свештеници црковната општина, а за другите осигуреници установата кај која се на служба овие лица.

Придонесите за социјално осигурување на осигурениците не се плаќаат за времето на спреченоста за работа од членот 48 на Законот за здравственото осигурување.

За социјалното осигурување според овој договор не се плаќаат додатни придонеси.

Член 15

Користењето на правата според овој договор е условено со уредното плаќање на придонесите, со тоа што користењето на правата не може да започне ако стасаните придонеси не се уплатени најдоцна до крајот на наредниот месец во кој стасале за уплата. Запреното користење на правата се воспоставува од денот на подмирувањето на сите стасани и неуплатени придонеси.

Одредбата од ставот 1 на овој член ќе се применува од 1 јануари 1964 година.

ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 16

Црковните општини и црковните установи се должни за своите осигуреници да му поднесуваат на комуналниот завод за социјално осигурување на чие подрачје имаат свое седиште пропишани пријави со документација потребна за распоредување според членот 3 од овој договор.

Комуналните заводи за социјално осигурување односно нивните органи што се овластени за тоа ги распоредуваат со решение осигурениците во основиците на осигурувањето.

Решението за распоредување задолжително му се доставува на осигуреникот и на Патријаршискиот управен одбор на Српската православна црква односно на Управниот одбор на Македонската православна црква.

Член 17

Правото на лична и инвалидска пензија се остварува со поднесување на барање од страна на осигуреникот, а правото на фамилијарна пензија со поднесување на барање од страна на членот на фамилијата на умрениот осигуреник Ова барање му се поднесува на комуналниот завод за социјално осигурување определен во смисла на членот 161 став 1 точка 3 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, и тоа: за Патријархот и архиерите — преку Светиот архијерејски сабор, а за црковните службеници — преку црковниот орган кај кој се на служба, а за парохиските свештеници, свештеномонасите и парохиските ѓакони — преку надлежниот епархиски архиереј. Овие црковни органи го доставуваат барањето до надлежниот комунален завод за социјално осигурување заради решавање, со потребна документација и свој предлог.

Комуналните заводи за социјално осигурување му доставуваат по еден примерок од решението донесено во врска со барањето за признавање на правото на пензија — на осигуреното лице и на Патријаршискиот управен одбор на Српската православна црква односно на Управниот одбор на Македонската православна црква.

Член 18

Правото на професионална рехабилитација и правото на запослување се остваруваат со поднесување на барање до комуналниот завод за социјално осигурување кај кој е пријавен осигуреникот на осигурување, преку Патријархот односно преку Управниот одбор на Македонската православна црква.

Кога црковниот орган од ставот 1 на овој член ќе утврди дека не може да му се обезбеди на осигуреникот друга должност односно друга работа во смисла на чл. 10 и 11 од овој договор, го доставува барањето со свое мислење, во смисла на членот 10 став 3 од овој договор, до надлежниот комунален завод за социјално осигурување заради донесување на оценка за инвалидноста и преостанатата работна способност.

Инвалидските комисии од чл. 186 и 187 од Законот за инвалидското осигурување се должни во секој одделен случај, пред да ја дадат оценката и мислењето во смисла на членот 191 од тој закон, да прибаваат мислење од црковниот орган во смисла на ст. 1 и 2 од овој член.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Заради користење на правата определени со овој договор, сите активни осигуреници ќе се распоредат во основиците на осигурувањето во смисла на членот 3 од овој договор.

Личните, фамилијарните и инвалидските пензии, определени или преведени според Договорот за социјално осигурување на свештениците на Српската православна црква од 31 декември 1959 година, ќе се преведат со распоредување на осигурениците во основиците на осигурувањето од членот 3 на овој договор според нивната стручна спрема и должината на пензискиот стаж што се утврдени во поранешното решение, и од тие основици на осигурувањето ќе се определат новите износи на пензиите.

Пензиите преведени во смисла на ставот 2 од овој член припаѓаат од 1 мај 1963 година.

Распоредувањето на осигурениците во смисла на ставот 1 од овој член и преведувањето на пензиите во смисла на ставот 2 од овој член ќе се изврши по службена должност.

Член 20

На осигурениците — уживатели на лични и инвалидски пензии, на кои со посебни прописи им е признаена виша стручна спрема а пензијата им е определена односно преведена според стручната спрема пониска од таа спрема, ќе им се определат нови износи на личните односно инвалидските пензии со согласна примена на одредбите од членот 19 на овој договор.

Одредбата од ставот 1 на овој член ќе се примени и на уживателите на фамилијарни пензии.

Определувањето на пензиите според ст. 1 и 2 на овој член ќе се изврши по службена должност.

Пензиите определени според ст. 1 и 2 на овој член припаѓаат од 1 мај 1963 година.

Член 21

На осигурените лица кои врз основа на поранешните прописи и договори не се здобиле или го загубиле правото на пензија, а ги исполнуваат условите предвидени во одредбите од главата XIII на Законот за пензиското осигурување, ќе им се признае односно ќе им се воспостави на нивно барање правото на пензија ако на 1 јануари 1958 година ги исполнувале условите од тој закон.

На членовите на фамилиите на свештени лица загинати, умрени или исчезнати под околностите од членот 249 на Законот за пензиското осигурување ќе им се признае, на нивно барање, правото на фамилијарна пензија под условите и во обемот што се определени во тој член — ако тие свештени лица вршеле свештеничка служба непосредно пред настапувањето на околностите наведени во тој член, или ако во тоа време биле вон свештеничка служба поради околностите од членот 33 на Законот за пензиското осигурување.

Член 22

Осигурениците — уживатели на лични и инвалидски пензии кои како судии, секретари или обвинители на црковни судови, или како секретари на епархиски управни одбори ги вршеле најмалку пет години тие должности пред 14 мај 1958 година, ќе се распоредат на нивно барање во основиците на осигурувањето од членот 3 на овој договор предвидени за осигурениците со виша стручна спрема, и од тие основици ќе се определат новите износи на нивните пензии.

Одредбата од ставот 1 на овој член ќе се применува и на уживателите на фамилијарни пензии.

Пензиите определени според ст. 1 и 2 на овој член припаѓаат од 1 мај 1963 година — ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот определен за почеток на применувањето на овој договор, а ако барањето е поднесено по тој рок — од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето.

Член 23

На осигурениците — уживатели на неполна пензија здобиена по основот на работен однос им се зголемува, на начинот предвиден во членот 69 став 2 на Законот за пензиското осигурување, таа пензија до износот на полната пензија од овој договор — по основот на вршење свештеничка служба по пензионирањето од работен однос.

Зголемувањето на пензијата во смисла на ставот 1 од овој член можат да го остварат осигурениците што ќе поминат најмалку три години во осигурување според овој договор.

На осигурениците — уживатели на лична пензија (полна и неполна) здобиена по основот на работен однос, им припаѓа за време на вршењето на свештеничката служба 50% од таа пензија.

На осигурениците — уживатели на неполна пензија што ја оствариле таа пензија по основот на договор, им се зголемува неполната пензија на начинот предвиден во членот 69 став 2 од Законот за пензиското осигурување врз основа на времето поминато во вршење на свештеничка служба по пензионирањето.

На осигурениците — уживатели на лична пензија (полна и неполна) остварена по основот на договор, не им припаѓа лична пензија за времето на вршењето на свештеничка служба по пензионирањето

Не се смета како редовна свештеничка должност работата на пензиониран осигуреник на испомагање или привремено заменување друг свештеник.

Член 24

На членовите на фамилиите на свештените лица што примаат помош според членот 10 точка ѓ) од Договорот за социјално осигурување на свештениците на Српската православна црква од 28 декември 1951 година, ќе им се исплатува таа помош и понатаму, во досегашниот износ.

Ако со барање за остварување на правото на лична или фамилијарна пензија се појави некое лице кое имало такво право врз основа на другите одредби од членот 10 на Договорот за социјално осигурување на свештениците на Српската православна црква од 28 декември 1951 година а не го остварило, неговото право ќе се регулира според одредбите од тој член и ќе се преведе на пензија според овој договор.

Член 25

На социјалното осигурување на свештениците на Српската и Македонската православна црква ќе се применуваат, доколку со овој договор не е регулирано поинаку, одредбите од Законот за здравственото осигурување, Законот за инвалидското осигурување, Законот за пензиското осигурување и Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување.

Член 26

Поблиски упатства за применување на овој договор донесува, по потреба, Сојузниот завод за социјално осигурување во спогодба со Патријархот.

Член 27

Овој договор може да го раскине секоја договорна страна со отказ, чиј рок изнесува три месеци.

Член 28

Правата здобиени врз основа на овој договор остануваат во сила и по престанокот на неговото важење.

Во случај на обновување на овој договор, или ако осигуреникот стапи во работен однос, времето на осигурувањето според овој договор му се смета во работен стаж.

Член 29

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 мај 1963 година.

Бр. 4634
25 април 1963 година
Белград

За Сојузниот завод
за социјално осигурување
Директор,
Зденко Хас, с. р.

Патријарх
на Српската
и Македонската
православна црква,
† Герман, с. р.

423.

Врз основа на членот 56 став 1 од Основниот закон за заштита на добитокот од заразните болести („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54 и 52/61), Сојузната управа за работите на ветеринарството објавува

СПИСОК
НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ БИОЛОШКИ ПРЕПАРАТИ И ЛЕКОВИ ЗА КОИ Е ИЗДАДЕНА ДОЗВОЛА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Сојузната управа за работите на ветеринарството им издаде од 1 јануари 1963 година до 30 јуни 1963 година дозволи за пуштање во промет на следниве ветеринарни биолошки препарати и лекови, и тоа на:

1. Серум заводот — Калиновица, за:

1) Ависан, средство против аскаридоза и хетеракидоза на пернатата живина, прашок, во кутии со 10 врекички по 10 g и во врекички со 500 g под бр. 02-316/1-62 од 5 март 1963 година.
Состав на препаратот е: пиперазин адипат и фенотиазин, во еднакви делови;

2) Feranem, средство за спречување и лекување на сидеропеничната анемија, особено кај прасињата, водена отопина на комплексна сол на железо, темно-костелива боја, блажест вкус, во шишенца со 20 и 100 cm³, под бр. 02-314/1 од 21 март 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1 cm³ — 50 mg-Fe-(тривалентно железо);

3) Chloramphenicol sol. 10% pro iniectione, средство за заштита и лекување на животните од инфекции предизвикани со микроорганизми што се усетливи на хлорамфеникол, и тоа: грам-позитивна и грам-негативна бактерија, рикеција и некои вируси, бистар бледожолтикав раствор, во шишенца со 50 cm³, под бр. 02-519/1 од 14 јуни 1963 година.
Состав на препаратот е во 100 cm³ — 10 g хлорамфеникол;

4) Geomycin sol 3%, антибиотик со широк спектар, средство за лекување на маститисот и инфективните заболувања на утерусот кај говедата, жолтикава маслена течност, со неутрална реакција, ео специфична миризба, во туби со 14 g содржина, во соработка со Творница лекова „Плива" во Загреб", под бр. 02-92/88/62 од 23 март 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1 cm³ — 30 mg окситетрациклин хидрохлорид;

5) Geomycin sol 5%, антибиотик со широк спектар, средство за лекување на разни инфективни и септични заболувања, посебно на оние предизвикани со стафилококи и стрептококи, особено кај ентеритисот и пневмонијата на младите животни и др., жолтикава маслена течност, скоро со неутрална реакција, со специфична миризба, во шишенца со 50 cm³, во соработка со Творница лекова „Плива" во Загреб, под бр. 02-92/89-62 од 23 март 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1 cm³ — 50 mg окситетрациклин;

6) Pen-Sul, средство за профилакса на операциони рани и за терапија на инфекцијата на кожата и слузницата, прашок со белузлава боја, во шишенца од пластика со 50 g, под бр. 02-520/1 од 6 јуни 1963 година.
Состав на препаратот е: во 100 g — 100.000 и. е. прокаинпеницилин (G), 10 g сулфаниламид и ad 100 g лактоза;

7) Promintic anthelmintik против трихостронгилоза, трихуридоза, буностомоза, хетеракидоза и езофагостомоза кај говедата и овците, безбојна бистра течност, во шишенца од темно бојосано стакло со 250 cm³, во соработка со фирмата Imperial chemical Industries LTD / Pharmaceuticalle Division, Fulshaw Wilslow — Англија, под бр. 02-315/1 од 25 март 1963 година.
Состав на препаратот е: во 100 cm³ — околу 90% 2-(бета-метоксиетил) пиридин;

8) Вакцина за чумата кај пернатата живина, течна (жив сој F), со стабилизатор, средство за имунизација на пилиња, кокоши, фазани и мисирки против чумата кај пернатата живина, течност во ампули или шишенца со 0,5, 1, 2, 10 и 20 cm^3, под бр. 02-1624/1 од 8 март 1963 година.
Состав на препаратот е: жив ослабен вирус на чумата кај пернатата живина (Newkastle) размножен во плодна течност на ембрионални кокошкини јајца инфицирани со сојот F, течна со додаток на стабилизатор.
Создава кај бележените пернати живини имунитет кој треба да трае од 1 до 4 месеци;
9) Лапинизирана вакцина на свинска чума, течна со стабилизатор, средство за активна имунизација на свињите против свинската чума, во неразредена состојба, во шишенца со по 30, 60 и 150 дози неразредена вакцина, на кои им се приложуваат шишенца со по 29, 58 и 145 cm^3 разредувач, под бр. 02-1623/1 од 5 март 1963 година;
Состав на вакцината е: жив сој на вирус на свинска чума, кој со голем број пасажи на крвта на питоми зајци ги загубил патогените, а ги задржал имуногените особини, со додаток на стабилизатор.

2. Ветеринарниот завод — Земун, за:

1) Борвазелин (Ung. acidi borici Ph. J. II) ad us. vet. благ антисептик за третирање рани и озледи на слузницата и на кожата, маст, во туби со 50 g, под бр. 021367/1-62 од 11 јануари 1963 година.
Состав на препаратот е: 10 g Acidi borici i 90 g Vaselini albi;
2) Difil, ad us. vet., вакцина на диктиокаулоза кај овците и јагнињата, течност, во шишенца со 10 cm^3 = доза I и во шишенца со 20 cm^3 = доза II, под бр. 02-744/1-62 од 12 јануари 1963 година.
Состав на вакцината е: суспензија на ларвите на Dictiocaulus filaria, атенуирани со дејството на јонизирачки зрачења;
3) Квентодиз — концентрирана вакцина на ентеротоксемија кај овците и јагнињата и на дизентерија на јагнињa ad us. vet., течност, во шишенца со 10, 20, 50, 100 и 250 cm^3, под бр. 02-1425/1-62 од 6 јуни 1963 година.
Состав на вакцината е: хомогена мешаница на анакултури и анатоксин Ch Welchii тип B, C и D преципитирани со алаун, концентрирани а потоа конзервирани со фенол;
4) N-Lavir вакцина на свинска чума ad us. vet., сува, средство за активна имунизација на свињите против свинска чума, во ампули со разредувач за 5, 10, 20, 25 и 30 дози, под бр. 02-622/1 од јуни 1963 година.
Состав на вакцината е: приготвена е од ткиво на питоми зајци што се бележени со модификуван жив сој на свинска чума (сој Hudson) добиени со уште подолги пасажи низ питомите зајци во однос на поранешната »Lavir« вакцина, кај кој е намалена вируленцијата спрема свињите а се задржани имуногените особини.

3. Ветеринарниот завод — Суботица, за:

Dekstrofer, ad us. vet., препарат на колоидално железо за отстранување и лекување анемијата кај животни по парентерален пат, воден раствор на комплексна сол на тривалентно железо со декстран во кутии со 10 ампули по 10 cm^3 и во шишенца со 20 и 50 cm^3, под бр. 02-670/1 од 28 јуни 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1 cm^3 декстрофер — 75 mg на тривалентно железо, оса 120 mg декстран и 5 mg фенол.

4. На Фармацеутско-хемискиот комбинат на Словенија „Фармис" — Погон „Лек", Љубљана, за:
Ferum лек за ветеринарна употреба, средство за отстранување и лекување на сидеропенични анемии особено кај прасињата, црвеникавокостенлив неутрален изотоничен раствор со микронуклеарен сфероколоидален комплекс на ferri hidroxid со карбохидратна лиганда полималтоза, во шишенца со 20 и 50 cm^3, во соработка со фирмата Hausmann од Швајцарија, под бр. 02-1539/1-62 од 7 март 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1 cm^3 — 50 mg Fe при пакувањето во шишенца од 50 cm^3, а при пакувањето во шишенца од 20 cm^3 во 1 cm^3 — 100 mg Fe, со додаток 0,5% фенол.

5. Претпријатието „Мочна крмила" — Обрат на Агрокомбинатот — Љубљана, за:
1) Premix за пилиња-бројлери, грубо мелен прав, во папирна амбалажа, под бр. 02-445/3—62 од 20 јануари 1963 година..
Состав на препаратот е: во 1.000 g — 8.000 и. е. витамини A, 1.200 и. е. витамини D3, 4 mg рибофлавин, 20 mg калциум пантотенат, 20 mg ниацинамид, 30 mg холин хлорид, 10 mcg витамин B12, 5 mg procain пеницилин, 10 mg oxitetracyclin, 10 и. е. витамин E, 2 mg витамин K3, 125 mg anthioxidant, 70—125 mg кокцидиостатици, 250 mg манганов сулфат и 55 mg цинков оксид;
2) Premix за кокошки што носат, грубо мелен прав, во папирна амбалажа, под бр. 02-445/3-62 од 20 јануари 1963 година.
Состав на препаратот е: 1.000 g — 8.000 и. е. витамин A, 1.200 и. е. витамин D3, 2 mg рибофлавин, 14 mg калциум пантотенат, 8 mg ниацинамид, 6 mg витамин B12, 300 mg холин хлорид, 10 и. е. витамини E, 130 mg манганов сулфат и 20 mg цинков оксид;
3) Premix за бекон — Бек 20, грубо мелен прав, во папирна амбалажа, под бр. 02-445/3-62 од 20 јануари 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1.000 g — 420.000 и. е. витамин A, 64.000 и. е. витамин D3, 300 mg рибофлавин, 1.000 mg калциум патотенат, 2.000 mg ниацинамид, 1.000 mcg витамини B12, 30.000 mg холин хлорид, 1.000 и. е. витамин E, 5.000 mg oxytetracyclin, 30.000 mg $FeSO_4$, 20.000 mg $CuSO_4$, 15.000 mg $MnSO_4$, 12.000 mg ZnO, 100 mg $SoSO_4$;
4) Premix за бекон — Бек 45, грубо мелен прав, во папирна амбалажа, под бр. 02-445/3-62 од 20 јануари 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1.000 g — 320.000 и. е. витамин A, 48.000 и. е. витамин D3, 200 mg рибофлавин, 500 mg калциум пантотенат, 1.000 mg ниацинамид, 1.000 mcg витамин B12, 20.000 mg холин хлорид, 1.000 и. е. витамин E, 20.000 mg $FeSO_4$, 20.000 mg $CuSO_4$, 7.000 mg $MnSO_4$, 10.000 mg Zn SO_4 100 mg $CoSO_4$;
5) Premix за бекон — Бек 70, грубо мелен прав, во папирна амбалажа, под бр. 02-445/3-62 од 20 јануари 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1.000 g — 220.000 и. е. витамин A, 40.000 и. е. витамин D3, 100 mg рибофлавин, 500 mg калциум пантотенат, 500 mg ниацинамид, 1.000 и. е. витамин E, 20.000 mg $FeSO_4$, 20.000 mg $CuSO_4$, 7.000 mg $MnSO_4$, 10.000 mg ZnO и 100 mg $CoSO_4$;
6) Premix за прасици, грубо мелен прав, во папирна амбалажа, под бр. 02-445/3-62 од 20 јануари 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1.000 g — 10.000 и. е. витамин A, 1.000 и. е. витамин D3, 2 mg рибофлавин, 20 mg калциум пантотенат, 20 mg ниацинамид, 200 mg холин хлорид, 10 mcg витамин B12, 15 и. е. витамин E. 113 mg ZnO, 400 mg $FeSO_4$, 40 mg $CuSO_4$ и 60 mg $MnSO_4$;
7) Premix за телиња, грубо мелен прав, во папирна амбалажа, под бр. 02-445/3-62 од 20 јануари 1963 година.
Состав на препаратот е: во 1.000 g—8.000 и. е. витамин A, 1.200 и. е. витамин D3, 10 mg oxitetracyclin, 60 mg $MnSO_4$, 120 mg $FeSO_4$ и 2 mg $CoSO_4$.

6. Фирмата Pfizer Corporation, New-York, САД, :
Sigmamycin ad us. vet. — антибиотик со широк спектар, жолтикав прав, во шишенца со 113,5 g (1/4 Lb) и во шишенца со 227 g (1/2 Lb). Застапник на фирмата »Faber«, Белград, под бр. 02-692/1 од 14 јуни 1963 година.
Состав на препаратот е: во 454 g прашок — 16,64 g тетрациклин хидрохлорид и 8,33 g oleandomycin.

7. Фирмата Farbenfabriken »Bayer« AG од Leverkusen, Зап. Германија, за:

1) Bilevon ad us. vet., средство против метилавоста кај говедата, белузлаво жолиткав прашок, во врекички со 17 g и 170 g. Застапник фирмата »Konim«, Љубљана, под бр. 02-1346/2-62 од 20 јуни 1963 година.

Состав на препаратот е: во 100 g—88 g Hehaclorphen — со делотворна супстанца Di — (3, 5, 6 - trichloro - 2 hidrohyphenol) метан;

2) Murnil ad us. vet., средство за лекување непаразитарни и неинфективни болести на кожата, при пореметување на метаболизам, спречување во развивањето на влакната, егзантема на прасињата и спречување во развивањето на пердувот, прав во жолтокостенлива боја, со карактеристична миризба, во кутии со по 100 и 500 g. Застапник фирмата »Konim« — Љубљана, под бр. 02-632/1 од 20 јуни 1963 година.

Состав на препаратот е: во 1 g — 10 стаорни единици витамин H;

3) Tardomyocel comp. I i Comp. II ad us. vet., средство против разни инфективни заболувања особено кај младите животни, прашок, — Tardomyocel comp I во кутии со 5 шишенца по 500.000 и. е. (сува супстанца) + 5 ампули по 5 cm³ aqu. redestil. steril. и во кутии со 25 шишенца по 500.000 и. е. (сува супстанца) + 25 ампули aqu. redestil steril., а Tardomyocel comp. II во кутии со 5 шишенца по 1,000.000 и. е. (сува супстанца) + 5 ампули по 5 cm³ aqu. redestil. steril. и во кутии со 25 шишенца по 1,000.000 и. е. (сува супстанца) + 25 ампули по 5 cm³ aqu. redestil steril., застапник фирмата »Konim« — Љубљана, под бр. 02-1346/3-62 од 30 јануари 1963 година.

Состав на препаратот е: Tardomyocel comp. I — во едно шишенце 250.000 и. е. tardomyocel и 250.000 и. е. (= 0,25 g база) дихидрострептомицински сулфат, а Tardomyocel comp. II во едно шишенце 500 000 и. е. tardomyocel и 500.000 и. е. (= 0,5 g база) дихидрострептомицински сулфат;

4) Tardomyocel Comp. III pro iniectione ad us. vet., средство против низа инфективни оболенија, суспензија, во шишенца со 20 cm³ (5,000.000 и. е.). Застапник фирмата »Konim« — Љубљана под бр. 02-1346/5-62 од 30 јануари 1963 година.

Состав на препаратот е: во 1 шишенце — 2,000.000 и. е. tardomyocel, 500.000 и. е. прокаински пеницилин G и 2,500.000 и. е. дихидромицински сулфат (= 2,5 g база);

5) Tardomyocel — M — Granulat ad us. vet., средство за профилакса кај тешки породувања, ретенција на секундините, пролапсусот утери, инфицирани рани и др., гранули, во кутии со 20 капсули. Застапник фирмата »Konim« — Љубљана, под бр. 02-1346/6-62 од 25 јануари 1963 година.

Состав на препаратот е: во секоја капсула — 200.000 и. е. tardomyocel, 200.000 и. е. дихидрострептомицински сулфат и 5 g Марбадал.

6) Tardomyocel — M — Suspension ad us. vet., средство против оболенијата на гениталните органи кај говедата и за профилакса при вештачкото осеменување, суспензији, во шишенца со 100 cm³. Застапник фирмата »Konim« — Љубљана, под бр. 02-1346/1-62 од 22 јануари 1963 година.

Состав на препаратот е: во 100 cm³ маслена суспензија 1 250.000 и. е. дихидрострептомицински сулфат, 1.250.000 и. е. dibenzylaethylendiamin-дипеницилин G и 2,5 g Марбадал.

Бр. 02-914/1
1 јули 1963 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за работите на ветеринарството,
др **Сава Михајловиќ**, с. р.

424.

Врз основа на членот 3 став 1 точка 3 и став 2 од Уредбата за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски, Советот на Југословенскиот регистар на бродовите донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ РЕГИСТАР НА БРОДОВИТЕ

1. Во Тарифата за надоместоците за услугите на Југословенскиот регистар на бродовите што е напечатена како посебно издание на Советот на Југословенскиот регистар на бродовите и која е составен дел на Решението за Тарифата за надоместоците за услугите на Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/62) се вршат измени и дополненија кои се напечатени како посебно издание на Советот на Југословенскиот регистар на бродовите.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4008/1-4
26 февруари 1963 година
Белград

Југословенски регистар на бродовите

Директор,
инж. **Иво Врандечиќ**, с. р.

Претседател на Советот,
Ѓорѓе Андреевиќ, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

417. Правилник за стручната спрема на работниците од определени занимања на Југословенските железници — — — — — — 605
418. Наредба за примена на Одлуката за одобрување регрес за расходуваните бродови продадени во 1963 година што се повлекуваат од експлоатација со цел за касирање 614
419. Решение за измена на Решението за определување нормативите за употреба на определено дрво во станбена изградба и во производство на определени производи 614
420. Спогодба за единствените показатели на деловниот успех на стопанските организации — — — — — — — — — — — 615
421. Договор за социјално осигурување на филмските работници — — — — — — 619
422. Договор за социјално осигурување на свештениците на Српската и Македонската православна црква — — — — — — — 623
423. Список на ветеринарните биолошки препарати и лекови за кои е издадена дозвола за пуштање во промет на територијата на Југославија — — — — — — — 627
424. Решение за измени и дополненија на Тарифата за надоместоците за услугите на Југословенскиот регистар на бродовите 628

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Гурић, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград